СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 август 1992 година

Скопје, август 1992 година

**47 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОДРЖАНА НА 18.VIII 1992 ГОДИНА**

ДИСКУТАНТИ:


1. ТИТО ПЕТКОВСКИ -води седница - 49, 65
2. АБДИ ФАИК - 47
3. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 49
4. АРСОБСКИ БРАНКО- 68
5. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 73
6. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 11
7. ИВАНОВ ЉУБИСАВ - 22, 43
8. ЈАКИМОВСКИ ЉУПЧО - 67
9. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА - 72
10. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 69
11. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 59
12. МАНЧЕВСКИ ЈОВАН - 19.
13. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 27
14. НИКОЛОВ ЈОВАН - 55
15. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 43
16. ПРЕВАЛА ШАБАН - 6
17. ПАУНОВ ТОДОСИЕ - 33
18. СТАНКОВСКИ РИСТО - 37
19. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 46
20. САДИКУ ФЕРЕД - 62
21. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 63
22. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 71
23. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА - 64
24. ТОШЕФСКИ МЕТОДИЈА - 2, 66, 68
25. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 16
26. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 38
27. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 70


КРАЈ

# СТЕНОГАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четириесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 август 1992 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во 13,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, потпретседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Четириесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благоја Чкатроски, Димитар Димитровски, Божо Рајчевски и Бранко Црвенковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство ,на пратеници од Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За денешната седница на Собранието на Република Македонија се поканети:: претседателот на Република Македонија г-динот Киро Глигоров, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија достави предлог по итна постапка да се донесат законите за изменување на Законот за данок на промет, Законот за стапките на даноците на граѓаните и Законот за данок на промет на производи и услуги.

За оправданоста овие закони да се донесат пи итна постапка одлучува Собранието.

I/2.- ПЈ/ЉР

Го молам претставникот на Владата на: Република Македонија Методија Тошевски да укаже во што се состои основаноста и неодложната потреба од итно донесување на законите кои се штетните последици кои се предизвикале со одлагањето на донесувањето на овие закони.

Има збор министерот г-динот. Методија Тошевски. .

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници на денешната седница се предлага да:.се води претрес по Предлогот на закон за изменување на Законот за данокот на доход. Предлогот на законот за изменуваше на Законот за стапките на даноците на граѓаните и Предлогот на закон за изменување на Законот за данокот на промет на производи и услуги и за сите три предлози по итна постапка.

Со предложените измени се предлага да се изврши изменување на постојните стапки на данокот на доход, данокот од личен доход на работниците и данокот на промет на производи и услуги.

Основната потреба за изменување на Законот на даноците претставува обезбедување изворни приходи за извршување на зголемените обврски што произлегуваат од потребата за усогласување на платите утврдени со Законот за исплата на платите и другите надоместоци и дивиденди во Републиката, Службен весник на Република Македонија број 46.

Со овој Закон се врши усогласуваше на платите со порастот на трошоците на .животот во последните месеци од донесувањето на Антиинфлационата програма со кои беше ограничен порастот на платите.

I/3.-

Реализацијата на Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите и другите надоместоци и дивиденди во Републиката не е можно без дополнителни изводни приходи за покривање на ефектите што ги предизвикува овој Закон. Во претресот воден во Собранието по Законот , Владата укажа дека кумулативното зголемување на платите во обласга на управата, образованието и социјалната сфера не може да се покрие од постојните изворни приходи односно без дополнителни средства на буџетот.

Применувајќи ги решенијата на Законот за периодот јули- декември 1992 година се потребни 68 милијарди денари, односно вкупниот обем на средствата за исплата на плати во 1992 година би изнесувал 88,5 милијарди денари. Обемот на потребните средства за користење на платите согласно со Законот се утврдува на стапка од 141, 5% за периодот јули - декември 1992 година и изнесува ,.41,7 милијарди денари. Со оглед на фактот што од постојните извори и стапки на зафаќања не може да се обезбеди овој износ пресметките покажуваат дека како можни извори можат да се калкулираат следните

Прво, по основ на ефектите од зголемување на масата на личните доходи кај другите корисници се оценува дека би се обезбедиле околу 13,7 милијарди денари. Со зголемување на стапките на данокот на доход со важност од 1.1 1992 година една милијарда и 300. Со зголемување на стапките на данокот од игри на среќа околу.285 милиони денари. Со зголемување на стапките на данокот од личен доход на работници околу 11,6 милијарди денари и со зголемување на стапките на данокот на промет на производи околу 14,8 милијарди денари. Бидејќи горе билансот на Буџетот за оваа намена се предвидени 4 6,8 милијарди денари се јавува

недостиг на средства од 41,7 милијарди денари и ја објаснивме структурата како може да се пополни. Еден дел од овој недостиг на средства во висина од 13,7 милијарди денари се оценува дека ќе се обезбеди по основ на зголемување на масата на исплатените лични доходи за 50% согласно со Законот за периодот од јули - декември 1992 година кај субјектите како ефект по основ на данок од личен доход.

Заради обезбедување на остатокот на недостигот на средствата за исплата на зголемените плати согласно цитираниот закон за нестопанските дејности и управата кои се финансираат од Буџетот на Републиката, неопходно се наложува потреба за зголемување на стапките на постојните зафаќања како изворни приходи на Републичкиот буџет. За обезбедување на потребните средства по основ на данок од доход со Законот за изменување на Законот за данокот од доход се предлага да се изврши зголемување на сите постојни стапки по кои обврзниците го плаќаат овој данок и тоа за 22,2% на годишно ниво од стапките што се применуваат, а тоа би предизвикало движење на.. стапките од 16,6 со 2% до 17,79%. А општата стапка би изнесувала 10,247%. Стапките на данокот од личен/ доход на работниците согласно Законот за изменуваше на стапките на даноците н а граѓаните, заради обезбедување на потребните средства неопходно е да се зголемат за 48,5% при што општата стапка од 1.08.1992 година би изнесувала 21,91, а сегашните диференцирани стапки во зависност од дејноста би се движеле до 14,2 до 23%. Стапката на данокот на добивка од игри на среќа која се плаќа пот, стапка од 15% треба да се зголеми за 48 и да изнесува 22.

Според постојните решенија на Законот за данокот на промет на производи и услуги со општата стапка на данокот на промет изнесува 42%, најниската 3, највисоката 90. Заради обезбедување неопходно е со примена

од 1 септември 1992 година да се изврши зголемување на постојните стапки за 50% и општата стапка би изнесувала 63, најмалата 4 и 5,5.у а највисоката 135. Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите и другите надоместоци и дивиденди во Републиката предизвикува промени на параметрите во антиинфлационата програма, особено на учеството на реалната потрошувачка во општествениот производ за 4 до 5%, бидејќи овој Закон не може да се реализира во дејност1дте кои се финансираат во Буџетот без дополнителни приходи што можат да се обезбедат со прифаќање на предложените измени.

Донесувањето на овие закони може да го овозможи обезбедувањето на потребниот износ на средства во Републичкиот буџет за исплата на платите, но..во исто време ќе се изврши зголемувањето на учеството на вкупно дозволената јавна потрошувачка во оценетиот општествен производ во износ над утврденото учество од 35% со Антиинфлационата програма.

Почитувани пратеници, со оглед на тоа што во Буџетот на Републиката не се обезбедени средства за исплата на зголемените плати за нестопанските дејности кои се финансираат од Буџетот на Републиката, ако и за Управата, постои неодложна потреба за донесување на закон за изменување на Законот за данокот на доход, Закон за изменување на Законот за стапките на даноците на граѓаните и Законот за изменување на Законот за данокот на промет на производи и услуги, со Предлог на закон. Со оглед на тоа што не е во прашање донесување на обемни закони согласно член 344, 345 од Деловникот на Собранието на Република Македонија., Владата предлага Собранието да ги претресе предлозите за донесување овие три закони по:итна постапка. Недонесувањето на овие закони ќе. има негативно влијание во обезбедувањето на средства за

I/6.-

исплата на платите на нестопанските дејности и управата кои се финансираат од Буџетот на Републиката , а со тоа постои можност да се предизвикаат нови диференцирања во социјалните услови на работниците и граѓаните до реално опаѓање на платите на оваа категорија работници што може да има и негативни реперкусии во вкупните општествени состојби во Републиката.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве информирам дека Комисијата за труд и социјална политика, Комисијата за стопанство, Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно - правната комисија ги разгледаа законите што Владата ги предлага да се донесат по итна постапка.

Извештаите од седниците на работните. .тела и Предлогот на заклучокот Ви се поделени. Го слушнавте и образложението од претставникот на Владата.

Отворам претрес,

Молам, кој бара збор?

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници и гости, јас мислам да се расправа по Предлогот на Владата ќе мораме да направиме една кратка ретроспектива на она што значи причини за донесување на измените и дополнувањата на Законот за платите. Да потсетиме дека тоа беше направено со цел колку толку да се елиминираат и пропустите и неусогласеностите што по донесувањето или при донесувањето на Антиинфлационата програма беа евидентни. Значи, се имаше предвид потребата од одредено усогласување со цел понатаму да се продолжи така како што е најдобро во областа на платите. Сега останува таа констатација и вреди да се подвлекува, заради фактот што уште при стартот на

Антиинфлационата програма беа евидентни одредени разлики во системот на платите, особено во односот на просечни плати во стопанство и во нестопанството. Имено, според статистичките податоци знаеме дека на 31 март годинава, значи пред самиот старт на Антиинфлационата програма просекот на платите се движеше некаде 26 иљјади денари во сто- панството и околу 31 иљјада и нешто повеќе во нестопанството. Односи што поради низа причини, а би рекол поради злоупотреба на она што се очекуваше со мерките на Антиинфлационата програма односи што беа влошени, така што на 31 мај односно просекот на платите во мај беа поинакви, така што просечната плата во вонстопанството достигна 41 иљјада,а просекот на платите во нестопанството 42 иљјади. Јас овие цифри ги кажувам така и мислам веројатно некоја непрецизност е и тука, но од прилика тој однос беше евидентиран од Републичкиот завод за статистика. Што значи дека горе-долу беа нарушени едни така да кажам односи карактеристични, би рекол и оправдани поради степенот на квалификацијата и поради карактерот на низа институции во нестопанството, значи беа ::нарушени таквите односи и се дојде до тие состојби. Освен тоа, во меѓувреме имавме натамошен раст на, стапката на инфлација, во секој случај со знатно отстапување од она што беше план што беше предвидено со Антиинфлационата програма. Така,:^.во месец мај да кажеме ;ние наместо 45% имавме раст на стапката на инфлацијата од 72,2%. Евидентен пад имавме на стапката на инфлацијата, но сепак пак е над она што беше план во јуни каде што имавме 17%, наместо 8% и сега во јули 8,3%, пак нешто повеќе од тоа што беше предвидено.

Значи, имавме движења асинхрони кои на некој начин ја поттикнуваа потребата од размислување во областа на наградувањето. Ова дотолку повеќе што токму поради таквите движења имавме висок пораст на животните трошоци што меѓу другото се илустрира со фактот што просекот на личните доходи реално во стопанството падна за 20% а во нестопанството за некаде преку 60%. Оттука, по мое мислеше, следуваше потребата од и во услови на инфлација, од прераспределба на товарот. Товарот, очигледно, доста висок, особено товар кој што почна да се чувствува во нестопанските дејности. Мислам дека сите сме свесни за да се стабилизираат стопанските токови, за да се оствари антиинфлационата програма мора да се плати одредена цена. Мислам тука стои тој факт. Меѓутоа пак поради изложените причини оправдани беа размислувањата да се направи некој чекор во смисла на корекција на одредени движења што ќе значат меѓу другото и прераспределба на товарот. Оттука мислам дека Собранието на Македонија во услови кога Владата не успеа да помогне сили да ни предложи решение барем во рамките на тие 3 месеци за одредена корекција во тој однос, Собранието на Македонија изгледа мораше нешто да преземе во областа на правото, во областа на обезбедување на правото некои движења , некои односи во областа на распределбата да бидат поинакви отколку што беа на некој начин пропишани. И беше тоа што на крајот краиштата го изгласавме како собрание, правото на корекција до 50% за сите,а во нестопанството со одредена интервенција кај просекот на мајскиот личен доход. Изгледа тоа беше повод дел од стопанството, особено монополските организации, а би рекол и некои институции и установи да го искористат до даски, да го искориетаа1 правото а да ги коригираат личните доходи и со тоа да внесат дури и одредени немири, како кај стопанствениците, така и кај оние што

очекуваат нешто да се направи во тој поглед ако не целосно, барем нешто да се интервенира, се со единствена цел колку толку да се амортизира ударот на инфлацијата.

Сега, еве, се соочуваме со еден предлог, не §ден предлог, туку со една концепција што ќе значи материјализирање на она што беше мерка на Собранието односно остварување на Законот за измените и дополнувањата на Законот за платите што ги донесе Собранието на Републикава. Јас мислам дека е ,тоа еден обид доста интересен за да се реши прашањето, доста неуспешен. Тоа морам да го кажам отворено. Можеби непопуларен, обично според мерките што се предлагаат значи и внесување улје во огин, а и иритирање на некој начин, особено на стопанството што треба. да го носи товарот.

Собранието на Македонија кога го носеше овој закон, јас да потсетам, барем во мојата комисија, во Комисијата за економска политика и развој беше речено ова прашање да се реши преку ребалансот на буџетот, преку изнаоѓање на квалитетни;;извори, а не преку еден механички начин на зголемување на стапките, на сите стапки на сите овие видови даноци од 50% и да се каже еве решение. Мислам дека решението не е тука. Ние имаме доста резерви, би рекол и буџетски, па и во стопанството и во нестопанството ќе треба да се искористи. Мислам дека на расправата по ова прашање можеби требаше да претходи или пак истовремено требаше да расправаме и за ребалансот на Буџетот со цел евентуално да ги согледаме реалните можности или пак резервите што стојат во тој Буџет.

II/1/СП/лб

**ШАБАН ПРЕВАЛА (**продолжение)

Има доста неискористени можности. Факт е дека сега за сега остварувањето на буџетската политика и планираните приходи како да го оствaруваме само врз база на она што се евидентирани обврзници. Имаме голем број на не евидентирани обврзници на разни видови даноци. Значи, во нудењето на решенијата на проблемот имаме повеќе механички пристап, а не аналитички. Веројатно времето беше во прашање, и мислам дека ние на овој проблем мораме да му пристапиме аналитички да ги видиме сите резерви, сите резервни решенија, сите можности внатре во рамките на самиот буџет и на ребалансот, а потоа евентуално да размислиме за корекција на стапките. Изгледа тоа во оваа фаза отсуствува неоправдано, можеби инерцијата не поведе кон тоа, но мислам дека не можеме да расправаме за било какво материјализирање на законот што го донесе Собранието без да го видиме ребалансот и без да се направи посериозен обид и во Владата и од сите нас за еден поголем опфат на потенцијалните обврзници.

Видете, не е решението во зголемената стапка, на крајот на краиштата јас мислам дека во услови на пораст на цените каков што имавме, мислам дека и малите стапки можат да дадат исти или приближно исти ефекти како и зголемените стапки на помала основица. Јас мислам дека е дојдено време особено остварувајќи го она што значи даночна политика пред која се наоѓаме, ние мораме да направиме максимални напори да ги откриеме потенцијалните обврзници и на таков начин да ги обезбедиме потребните средства, но во оваа фаза јас мислам дека не би требало денеска да расправаме за предложените закони затоа што. навистина тоа не е решение туку да бидеме стрплаци и да го сочекаме ребалансот за да видиме пренамена на некои средства во оваа фаза, па

дури, ако треба, да се договориме за плански дефицит за одреден период кој би го надоместиле преку нови извори што би уследиле во наредниот период до крајот на годината. Евентуално и да ги простудираме и да ги пресметаме ефектите од она што досега се оствари на планот на порастот на цените поради ова најавено ѓаволско покачување на платите особено во нестопанството.

Да не должам многу мислам дека е време така да размислиме за ова прашање, а мислам дека денеска не е зрело да се произнесеме по овие закони оти тоа е механистички пристап на решавање на проблемот, денеска евентуално јас би предложил уз ова што веќе го кажав да размислиме за една динамичка примена на усогласувањето каде што има потреба особено во нестопанството каде оправдано се очекуваат одредени тензии. Мислам дека заклучоците што се предложени за усвојување на Собранието, јас имав прилика да ги видам, мислам дека се доста издржливи и евентуално по нив да расправаме и да ги усвоиме, во што пократок рок Владата на ни понуди еден по аналитички пристап за решавање на проблемот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господинот Петар Горѓиев.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Информацијата што ја изготвила Владата во врска со итноста за донесување на законите и тоа на Законот за данокот од доход, за стапките на даноците на граѓаните и данокот на промет на производите и услугите како изворни приходи на буџетот на Република Македонија апсолутно не одговара на актуелниот проблем за зголемување на личните доходи на вработените во обласата на нестопанството. Таквото образложение, можеби ќе беше издржано, но во едно друго време и во други услови на работење кога договорката економија преку самоуправните спогодби ги утврдуваше правата на изворните приход и независно од резултатите од работење.

II/3

Тогаш се измисли една категорија распореден доход, па се распоредуваше тоа што го немаше и новинарите на кои имам посебна забелешка кои го пренесоа делот од образложението на Владата покажаа дека не се на нивото остручени за теми кои задираат подлабоко во некои области и бараат познавање на истото или и тие поаѓаа од сопствени интереси.. Оттука бомбастите наслови во средствата за јавно информираше посебно во "Нова Македонија" дека нема повисоки плати за нестопанството, за вработените во тие области итн.

Читајќи го образложението и коментарите во врска со исплатите на личните доходи извлеков заклучок дека Владата во оставка со помош на механизмот за следење на изворните приходи и расходи на буџетот на Република Македонија сака да му се реваншира на Парламентот за изгласаната недоверба и слабостите и недостатоците во сопствените редови, ги префрли на друго место односно во Парламентот За да се разјасни проблемот со исплатата на личните доходи и изврши идентификација на субјектите за разрешување на истиот ќе се потрудам накратко да ја повторам хронологијата на настаните.

Се започна со законот за ограничување на порастот на личните доходи што беше донесен во рамките на мерките на Антиинфлационата програма по предлог на Владата, а усвоени од Парламентот, со ограничен рок на спроведување односно само за 6 месеци, со јасна констатација дека мерките можат да имаат ефекти. само ако се применат во пакет и се создаде политички консензус односно амбиент за нивно спроведување. Иако беше постигнат привиден политички консензус се замрзна примената< на колективните грамски договори на синдикатот, курсот на динарот исто така се определи на ниво од 3 60 денари за една ДМ кој почна веднаш да се топи, цените на производите, а со тоа и трошоците на живот од април до јуки исто така имаат зголемување,

II/4

Барањето за ревизија на Законот за исплата на личните доходи и другите надоместоци беше покренато со предлог на закон од страна на Министерството за труд и социјална политика и сметам дека е сосема оправдано но и со едно издржано образложение. Владата не го прифати таквиот предлог и тука веќе почнува политичката димензија на овој проблем. Барањата што беа поднесени од синдикалните организации, настаните со прекин на работа во рудниците во Македонска Каменица ја забрзаа постапката Парламентот да расправа за измена на постојниот закон за ограничување на исплатата на личните доходи по предлог од двајца пратеници што имаа различни пристапи, но Собранието по долга расправа ги усвои тие предлози и на одреден начин го дефинира правото за исплата на личните доходи. Никаде во средствата за јавно информирање не сретнав дека се работи само за право, што и претходниот дискутант го спомна. Можностите за исплата се сигурно во рамките на тоа како ќе се остварат средства на таквото право. Со Законот за обезбедување само права за висината на личните доходи, а исплатата е во директна зависност од остварувањата и резултатите од стопанството за исплата на личните доходи, вработените во стопанството во остварувањето на изворните приходи ,во буџетот што се финансираат од буџетот, до колку се направеше едно согледуваше за сите овие можности сигурно ќе можеше да се изврши еден пораст на личниот доход и во нестопанството, а имаме информација дека има средства за едно такво извршуваше, со тоа што се префрла проблемот на едно целосно извршување односно со извршување на 141 процент од личниот доход од месец јуни. Јасно беше укажано дека вработените во нестопанството ќе ја следат состојбата во стопанството односно реалниот пораст на личните доходи во стопанството да биде право за зголемување на личниот доход во нестопанствоso. Тука е разликата во условите на спроведувањето- на договорната во однос на пазарната економија, па на секторот на личните доходи во стопанството.

II/5

За да политичката димензија биде кулминација, Владата на Република Македонија веднаш измисли проблем дека нема средства за исплата на зголемување на личните доходи за вработените во нестопанството до колку не се променат стапките на даноците за обезбедување на тие средства. Предлогот на Владата за донесување на Законот е неприфатлив и аргументите за донесување на законите не се издржани од следните причини:

Со макроекономската политика за 1992 година, квантифициран е општествениот производ за 325 милијарди денари, а јавната потрошувачка во рамките на така квантифицираниот општествен производ е утврдена на 120 милијарди денари, Републичкиот буџет со 75 милијарди денари односно учествува со 2 3% во општествениот производ.

Од утврдувањето на оваа цена на јавната потрошувачка ние до денеска немаме информација како се реализираат приходите за извршување на оваа цена на власта. Јас во една прилика реков дека власта има своја цена и таа, на одреден начин, ќе биде регулатива за опстојување на Владата која треба сигурно да обезбеди таа цена што ја дефинирала на одреден начин и да ја спроведе.

Со Антиинфлационата програма вградена е инфлација од 130% да до крајот на годината утврдениот општествен,производ од 788 мили- јарди денари, а јавната потрошувачка на 275 милијарди денари,буџетот на износ од 164 милијарди денари. Јас лично се прашувам и ја прашувам Владата за кои расходи се однесуваат овие 164 односно разлика од 88 милијарди денари кои со Антиинфлационата програма беа утврдени и требаше за нив да се даде ставка по ставка за што се однесуваат. А каде е решението? До колку нема можност за финансирање на одредени материјални издатоци, а се однесуваат сигурно, и во областа на одбраната и заштитата, можеби со еден јак аргумент се предложи на Собранието да усвои дефицит,на буџетот кој ќе биде утврден, но за строго утврдени намени. Јас се согласувам, до

колку имало приоритет во областа на одбраната и заштитата да се наменат одредени средства, тие средства на посебна седница на Собранието бидат образложени и верифицирани од страна на Собранието. До такво нешто од страна на Владата не е ни пред ложено, а не се предлага ни..во постојната информација што сега ни се дава на увид.

Немаме информација за остварување на изворните приходи .и извршување на расходите како се проектирани во Буџетот. На Комисијата добивме информација дека 73% од постојниот^буџет е извршен односно тој претставува само 30% од проектираниот со антиинфлационата програма Тоа треба да се преточи во одредени позиции и да се дадат одредени приоритети. Во таквото преточување по позиции сигурно ќе можеме да расправаме дали ќе дадеме поголем и доминантен приоритет на делот на исплатата на личните доходи, а во одредени исплати што се во делот на материјалниот дел на буџетот сигурно би бил со помал пораст или на некои ставки воопшто нема да има никаков пораст. Тоа е основниот документ што ќе ги отвори проблемите колку е изгубено и зошто не се наплатува данок на промет на некои производи а веќе знаеме дека по- долго време не може да се контролира наплатата ,на данокот на промет посебно во приватните дуќани и на претпријатијата што сега се во приватниот сектор.

Исто така не се размислува за корекција од страна на Владата на одредени зафаќања односно одредени уплати при регистрација на претпријатијата. Имаме случај уште да опстројува наплата на 2000 денари за регистрација на приватно претпријатие, тоа е една смешна сума кога се има предвид дека се работи за регистрација на едно претпријатие како прав^н- субјект кој влегува во прометот односно во вкупното работење

Исто така немаме сознание во делот на наплатата на данокот на промет на цигари и алкохолни пијалаци, а веќе во средствата за јавно информирање фигурира некоја стапка од 20 милиони ДМ дека се изгубени затоа што немаме воспоставено контрола за наплата на данокот на промет.

Дали можеме да сметаме на даночни зафаќања на странските вложувања? Посебно го потенцирам прашањето за тоа, доколку сега го прифатиме предлогот на Владата за зголемување на сите три даноци, сигурно било кој да помисли за странско вложување во нашата Република ќе се врати од самата граница, бидејќи со таквите обврски и обврските што ги имаме во заедничката потрошувачка на делот на средствата за лични доходи не ќе може никој да оствари позитивен ефект односно основната цел, а тоа е добивката.

Оттука сметам дека заклучоците кои се понудени треба да се прифатат, а Владата во најскоро време да изготви извештај за реализација на буџетот, а во рамките на тоа да предложи ребаланс на буџетот и во рамките на ребалансот Собранието да се изјасни за натамошната постапка околу изворните приходи за алиментираше на личните доходи на вработените од нестопанството.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувани колеги. По донесувањето на Законот за измена и дополнуваше на Законот на платите навистина се создаде една конфузна ситуација и тоа се очекуваше како неминовност особено по изменувањето. и дополнување на Законот за пензиите.

Мислам дека треба да се согласиме со тоа дека при тоа беше присутен и политички маркетинг и одредена еуфорија и треба да се приземниме и на вистината реално да погледнеме во очи да не се залажуваме самите себеси, а и граѓаните дека со плурализмот влегуваме во сферите на благосостојба.

Во оваа прилика би сакал да речам дека и Владата го избра најкраткиот пат за реализација на спомнатиот закон што го донесе овој Парламент зафаќајќи се за наједноставните категории даноци на категоријата доход, личен доход и промет на производи и услуги. Тоа е наједноставната финансиска операција за да можат да се обезбедат вакви средства, меѓутоа прашање е дали и најадекватната операција. Мислам дека не е најадекватна заради тоа што ние немаме категорија висок доход, немаме категорија во стопанството висок личен доход ниту имаме висок физички обем на промет на услуги и производи со ниски цени. Така што тука не можеме да ја бараме материјалната основа за .реализација на спомнатиот закон

Дека е тоа така можеме да ги наведеме фактите дека стопанството доста микроекономски субјекти се со блокирани жиро сметки, дека доста микроекономски субјекти се подложени на стечајни постапки, дека се судруваат со проблемот на технолошките вишоци дека аплицираат принудни одмори итн. односно со други зборови и стопанството чека некоја помош, но секако не од надвор и ние наместо Европа да ја убедуваме за демократските промени изведени во нашата Република, мислам дека многу задоцнивме и се уште доцниме што неадекватно и не навреме и покрај тоа што како партии во трансформациите и политички и економски се залагавме дека ќе ги изведеме до крај.

III/1 нн/пн

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ**: (Продолжение)

Не ја извршивме трансформацијата на општествената сопственост, немаме валиден даночен систем. Се се тоа слабости кои што укажуваат дека касниме во конституирањето на економскиот суверенитет на оваа Република, комплементарен на Европа. Од тука доцниме и ги применуваме сеуште застарените методи за покривање на едни вакви закони за иднина, и дополнување во конкретниот случај на Законот за платите. Ние би биле добри ако сега за извори на средства, за финансиско покривање на еден ваков закон го имаме профитот или промет на услуги и стоки по ниски цени. Меѓутоа, ситуацијата не е таква. Логично би заклучил дека ние не би требало преку зголемување на основицата и учеството во остварениот национален доход да го гледаме и материјално и покритието на овој закон.

На Македонија не и потребна богата Влада, туку и се потребни профитабилни стопански субјекти и богати граѓани. Тогаш не би доаѓале во ваква ситуација, меѓутоа, сега ситуацијата е таква да сеуште на теренот на општествената своина ние мораме прибегнуваме, а и Владата во оваа прилика прибегнува кон методите да ја користи наједноставната категорија на даноци на личен доход, доход и промет на услуги и стоки. Меѓутоа, мислам дека аплицирањето на овој модел за покривање на буџетскиот дефицит не можеме да го прифатиме во оваа ситуација. Потребно е едно преиспитуваше особено што сеуште има црни дупки во сеуште недоволно активирани избори ка средства. Тоа се:

- Средства кои се отуѓуваат од Буџетот како резултат на финансиска недисциплина на стопанските субјекти;

- Средства кои што се прелеваат при продажбата на општествениот капитал, при трансформацијата на општествениот капитал;

- Средства кои што се отуѓуваат во сферата на сивата економија, како беше спомнато.

Мислам дека Владата треба да вложи додатни активности и на ова прашање, па после би можеле пореално да оценуваме дали има или нема материјални средства за реализација на овој закон.

Меѓутоа, за мене е присутна една вистина. Како што расте бројот на малите приватни претпријатија, така осиромашува Буџетот. Тоа зборува дека постои огромна финансиска недисциплина во овој сектор. Тука треба да бараме не; дефинитивен излез, но можеби излез кој може да помогне за реализација на оваа определба како право.

**ЈОВАН МАНИЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, прво морам да кажам дека не гледам итност во донесување и измени на предложените закони. Ставајќи ги законите и нивната измена Владата има намера веројатно покрај обезбедувањето средства за зголемување на платите на корисниците од Буџетот и да го дискредитира на некој начин Собранието и неговите одлуки ги претстави како неодрживи и лекомислени.

По донесувањето на измените на Законот за платите, преку печатот и другите јавни гласила му се префрла на ова Собрание за неговата неупатеност и дилетантизам наспроти експертноста нас Владата и нејзината квалификуваност. При донесувањето на измените во законот за плати ни беше презентирано падот на животниот стандард, дискрапанцата

помеѓу трошоците за живот и платите, порастот на цените и платите и неодрживоста на состој- бата особено кај оние со најниските примања. Гледано од таа страсна беше неопходно да се изврши корекција на законот. Уште тогаш беше присутно мислењето дека сите не ќе можат да го остварат тоа право во целост и затоа имаше амандмани за понизок пораст на платите, што не се усвоија, но со објаснување дека не мора секој да го оствари, да го достигне плафонот на правото ако нема доволно средства, но може, останува како можност. Се наметнува едно логично размислување. Ако цените на производите растеа над 10 0% од април до сега и даноците на промет би требало исто така во истиот обем.,На сите ни е познато како беше донесен законот за даноците на промет и услуги, со многу амандмани и натегања се во функција на подобрување на стандардот на граѓаните, односно платежна немоќ односно моќ. Ако Владата сака да ја покаже нашата недоследност кога се работи за сопствениот џеб, мислам дека нема да успее. Мислам дека не треба да се чепка во тарифите, туку во делот што го регулира начинот на плаќањето на данокот на промет, ако веќе мора тој закон да се разгледува во понатамошна процедура. Зошто досега немало толку многу шверцување и манипулации со плаќањето на данокот на промет. Владата мораше да размислува во тој правец затоа што не може да си ги прибере вересиите.

Тоа што се става во ист кош и здравството, посебно сакам: да потенцирам, што се манипулира со платите во здравството со платите, посебно во јавноста во зависност од приходите на Буџетот, а се знае што е предвидено со Буџетот како дел за здравство може да се оквалификува

како чиста малициозност од страна на Владата. Познато е дека основните и единствени приходи здравството ги црпи од фондот за здравство, а неговото полнење зависи од висината на платите. Со нивното зголемување би имало повеќе средства и за здравството. Тука не ги споменувам партиципациите затоа што јасно е дека тоа не е Буџет.

Заради се напред изнесено, требаше Владата за овој период д се позанимава со некои проблеми кои што би ја ублажиле таквата состојба.

Прво, прибирањето на средствата што и припаѓаат на државата по разни основи, било даноци, било царини. Шверцот никогаш не бил главно занимање на толкав број луѓе како сега, а во него учествуваат и оние што треба да го контролираат.

Второ, никогаш досега митото не било толку присутно на овие простори.

Трето, никогаш досега немало толку кражби и богатење на сметка на општествената односно државна сопственост.

Четврто, треба да се направи рационализација во службите кои директно го обременуваат буџетот. Не само што тоа не се случи, туку напротив се примија нови, а работата стои. Инспекциските служби како да ги нема или дремат пред проблемите.

На крај, правото не значи обврска. Со тоа покажуваме колку сме совесни пред граѓаните што би заслужиле не линч како се предвидува, туку аплауз. Ако нема во Буџетот средства треба да се анализира состојбата, да се види дали сите можности са исцрпени и на крај колку има средства колку и ќе се користи правото.

Ако дојде до тоа да се расправа по измените на законите на мене не сметајте.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Господине претседателе, дами и господа, народни претставители.

Немате ли осеќај дека ние и како Парламент и како Влада и како друштво се помалку работиме стручно, квалитетно, се помалку имаме студии, анализи, се повеќе анархија, се повеќе стихија, се повеќе работиме по емоции, страсти, по лични материјални потреби, видувања итн. Дали ние навистина имаме една држава организирана, еден стручен апарат. По Уставот, по законите тоа треба да го имаме. Во практичниот живот тоа е длабоко отсутно.

Веројатно имавте прилика да следите што се случуваше . - во една од најголемите економски сили во Европа, во Германија, кога синдикатите поставија покачување на личните доходи за 9% при што изработија една студија од преку 1000 страници како резултат на покачување на дени, на сите елементи кои што бараат покачување на личните доходи од една страна и Владата која из- работи преку 2000 странци студија со кои обратно со докази, со анализи, со податоци ги оспоруваше~наводите на синдикатите. И ако овие бараат 9 се сретнаа на 4%. Ако имате такви анализи како Парламент, а требаше да ги имаме, ние како Парламент требаше да ги побараме, немаше ние така брзо, така едноставно така да кажам еуфорично да донесеме закон за покачување на личните доходи од 50, 141% без да согледаме од каде ќе ги обезбедиме. тие средства, кои ќе бидат изборите. Ако веднаш согледавме дека тоа морада биде ова јаловно

стопанство кое под понатамошниот товар веќе ќе клекне, ќе пропадне и веќе не ќе има сок да извлекуваме тогаш ние ќе се замислевме и ќе кажевме што станува со таа наша Антиинфлациона програма, која што ја усвоивме исто така многу еуфорично, без многу расправи и каде што некои од нас станаа и укажаа на ред недостатоци на таа програма, посебно на вториот дел на нејзиното спроведување, затоа што немаше материјална подлога. Зошто ние толку време чекавме а не побаравме од Владата а последиците се токму тука, од неспроведувањето, од нереализирањето од Антиинфлационата програма за кое нешто Перо зборуваше, за пропаѓање на нејзиниот втор дел. Затоа што тие 4 сидра што беа спомнувани тие низ таа шок терапија важат само еден до два месеци, до два и пол месеци. Тие повеќе немаат своја ефикасност. Тие веќе ги нарушуваат сите односи во економијата. Тоа го знаат и децата кои учат во средните економски школи а не нашите професори. Кога укажувавме на тој недостаток, на вториот дел на таа Антиинфлациона програма тие земаат обврска дека тој дел ќе се доработи и во рок од 3 месеци ќе се излезе пред Парламентот за спроведување на тој дел на Програмата. Тука е господо последицата. Нема нормален човек кој не сфаќа дека личните доходи се ниски и во стопанството и во нестопанството, ама тоа не е резултат на некоја лоша прераспределба. Резултат е на една огромна сиромаштија и падот на производството во стопанството За:тоа повеќе пати зборувавме овде. Ние живееме во ред непознаници. Ние мислиме дека при вакви услови со стихијно продолжување ќе можеме да го продолжиме нашиот живот. Не. Ние понатаму длабоко паѓаме, во понорот и. не можеме, утре да се извлечеме. Ако ние имавме анализи ќе видевме дека покачувањето на личните доходи ќе биде страшен генератор на зголемувањата на инфлацијата. Дека тоа страховито ќе ги зголеми цените на битните

производи, посебно на производите кои го формираат животниот стандард. Ние тие цени не можеме да ги држиме веќе под контрола. И ние што сме направиле ако личните доходи сме ги покачиле и за 50 и за 141% а цените пораснат само за 1 месец за 200, за 300%. Стопанството ќе биде принудено да ги дигне тие цени затоа што зафаќањата ќе го направат понестабилно, уште финансиски понеспособно. Тоа мора да ги вгради каматите кои ќе ги земе, краткорочни, кои се движат и до 30% месечно, затоа што вие знаете еден циклус трае од 120 до 180 дена, па само кога ќе ги вгради тие камати за тоа што ќе позајми од банките тоа е страшна инфлација. Тоа е само еден момент, а да не зборуваме за ред други моменти каде што ќе дојде до крупни нарушувања на односот на денарот према марката или према доларот, кој сигурно ќе дојде до еднаш, двапати, трипати зголемуваше. Тоа се страшни нарушувања. Нема на овој начин решавање на стандардот. Ние имаме паметни економисти, паметни луѓе. Имаме и економски институти. Имаме и академија на науки, па дајте да седнеме да пријдеме на решавање на тој проблем, како што го решава огромниот дел на светот. Една Аргентина имаше троцифрена инфлација. Прво што направи во Аргентина, и тој нејзин претседател Менон заведе терор во однос на исплата на обврските спрема државата. А ние станавме земја на шверц. Ние имаме две паралелни економии. Една нормална економија, дефинирана, регистрирана, која ги обавува своите обврски и друга сива економија која тотално цвета на нашиот пазар и каде што немаме ние ни снага ни сила затоа што таа длабоко навлезе во друштвото да и ставиме крај. Вие гледате од игла локомотива се продава надвор од контролата и при тоа не се плаќаат никакви обврски. Еве и Владата сега нуди решение низ таа

нормална економија, низ нејзино понатамошно оптоварување. Станавме земја за шверц, станавме земја на хаос, станавме земја во која што страотно расте мафијата. Можеме ли ние утре да ставиме крај на тоа. Јас ви тврдам дека не можеме. Ќе треба утре да се преземат многу драстични мерки и тоа ќе мора д се направат, така да кажам револуционерни промени за да се стави крај на таа состојба. Тука министерот за финансии со прво стана затоа што најлесен начин на решавање на проблемот што ние го сторивме тука во Парламентот е тој што тој го предлага. Ги кажа и причините од прилика зошто треба овие закони да се донесат заради социјалното раслојување на населението итн. Ќе беше многу подобро да кажеше, а веројатно тој го знае тоа, стручен е, способен е тоа д го согледа, да ни кажеше после ова колку претпријатија ќе бидат во стечај, колку организации, колку работници ќе останат без плата. Колку ќе се смали ликвидноста во организациите, на колку месеци ќе зголеми неможноста за исплата на лични доходи. За колку ќе падне економичноста, ако воопшто ја има. Дали воопшто ќе имаме некоја продуктивност во која состојба ќе дојде стопанството на кое му ставаме омча. Една Влада кога предлага мора да има целосни согледувања. Не може парцијално да се рече, да се каже, да се предложи и математички да се израчуна како тоа и колку при тоа ќе се обезбеди без да се согледаат огромните последици. Јас пак ќе кажам.

Владата ние ја асптинираввме со одлуката за покачување на личните доходи односно за промена на законот за платите. Ние и ќе правиме нанеа голема -услуга. Гледате дека тука не треба така да работиме. Ние секогаш треба -да поаѓаме од Владата да предложи. Владата но стручно и квалификувано и тоа со одговорност. Кого сега ,ќе земеме на одговорност

за целокупната последици. Се она што се случи во стопанството, сите пропусти, посебно со неспроведувањето на Антиинфлационата програма, ја амнестира Владата со нашето вакво однесување. Ние сме доведени и сами се доведовме во тешка положба, законот во тој дел мора да се спроведува.,. Јас се согласувам со некои, не во тие размери како што ние што го донесовме, но во некои размери тој што може да се амортизира да тој закон на товар на буџетскиот дефицит и на товар на таа сива економија се направат драстични напори да се ублажи оваа ситуација, меѓутоа, ние да допуштиме ако дојде до формирање на нова Влада, затоа што оваа Влада е должна да работи и одговорно и стручно додека не се формира нова Влада, а не вака, сега како што се однесува и работи, да препуштиме на таа Влада да ни предложи решенија кои се во согласност со пазарна економија и кои се во согласност со можностите на ова наше стопанството. Мора драстични мерки да следат. Јас зборував и кога го донесувавме Буџетот. Тогаш Владата рече дека и со ребалансот и со новиот Буџет ќе се направат револуционерни промени на рестрикцијата на буџетската потрошувачка, а тоа требаше да се направи и со Антиинфлационата програма. Голема несреќа е што ние немаме додатна инфлација, но со ред решенија кој што требаше да ги направиме кај нас во стопанството, до државата, со Буџетот, со ред други потрошувачи ние ќе овозможевме барем минимални можности за една офанзивна економска политика. Треба во овој правец да ги бараме решенијата господо, инаку ние утре не ќе можеме и никакво решение да изнајдеме»

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, јас би ја започнал својата дискусија со две хонстатации: Првата е, морам да кажам, Владата или е некоректна или би рекол е неодговорна спрема Парламентот, и втората е, дека Владата навистина потполно не ги познава работите,во што не би сакал да верувам дека е така, меѓутоа мислам дека првата е поприфатлива и поодговорна на состојбите во кои сега се наоѓаме. Инаку, би сакал да цитирам дел од писмото што го напиша Владата до Собранието на основа на што и ги темелам овие констатации. Во писмото со кое се обраќа Владата до Собранието се вели: "Се неодамнешното донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите и другите надоместоци и дивидендите во Република Македонија од страна на Собранието на Република Македонија се врши усогласување на порастот на цените и животните трошоци од месец април па наваму, а кој не го поддржа Владата оценувајќи, го како закон со кој се нарушува антиинфлационата програма". Јас мислам дека овде Владата не е во право затоа што исклучивме овој закон и најмалце допринесе за нарушување на антиинфлационата програма.

Јас би сакал да се потсетиме да ги видиме стенограмите на 26 април кога одржавме заедничка седница на трите комисии овде во малата сала, уште тогаш реков и наговестив некои работи со кои на некој начин не дадов поддршка на антиинфлационата програма со оглед на тоа дека ја оценував дека таа не се базира пред се, на две основни работи кои можеа да гарантираат дека антиинфлационата програма има сериозна основа и здрава основа на која може да се постигна на да ко за кусо време да постигне ефективни резултати. Имено, прво е што навистина Владата во тој момент неадекватно ја оцени фактичката состојба и можностите на

стопанството во Република Македонија како прва и основна претпоставка за изготвување на една антиинфлациона програма и втора основна работа и компонента која на некој начин ја немаше најреално согледано Владата, а тоа е нереална цена на парите и капиталот. Тие се две основни работи кои во старт Владата ги имаше направено и ја превиде оценката за овие две работи и од таа причина навистина сите оние четири сидра на кои се потпираше инфлационата програма кои морам да кажам симболично беа спуштени во море каде плови нашиот брод со огромната инфлација, меѓутоа Владата не предвидуваше дека подлогата доле не е рамна и сите четири сидра ги пушти на иста должина така да од сите четири сидра само едно сидро се закачи, а другите три сидра останаа во празно, односно сидрото на монетарната политика во однос на односот< на денарот спрема марката на некој, начин тоа е она што.. можеше да го држи, додека другите сидра останаа незакачени и од таа. причина Владата не беше во состојба да ја собори инфлацијата која на некој начин и понатаму продолжи, а со оние податоци што ги имаме за април, мај, јуни мислам дека на некој начин не даваат права слика на состојбата во која се наоѓа нашата Република односно стопанството во нашата Република.

Мое мислење е како што реков дека овие проценки не беа адекватни на состојбата и од таа причина состојбата во која што се наоѓаме сега е таква каква што е. Јас би сакал сега да дадам еден пример со кој ќе го поткрепам сето ова мое укажување, а кое најмалку допринесува стопанството или граѓаните или останатите субјекти во економскиот систем на нашиот економски систем. Имено тоа што на некој начин најмногу ги – разранува граѓаните на нашата Република  во овие неколку десетина денови и тоа последните десетина дена тоа е со формирањето на цената на лебот и брашното односно на најосновниот прехранбен производ. Колку

овде имаат влијание самите организации кои што се бават со оваа проблематика, а колку имаше допринос самата Влада. Да ве потсетам дека цената на пченицата не ја формираа мелничко - пекарските организации туку таа цена ја формира Владата. Владата одреди таа да биде 120 денари по килограм со 20% премија која порано ние ја изгласавме како Парламент кога ги носевме мерките за аграрната политика. Од таа причина цената на пленицата која ја формира Владата на денешен ден таа изнесува 144 денари, а за разлика од тоа на 18 а%густ 1991 година таа изнесуваше само 4 денари. Односот на цената на пченицата 91 август 92 август е 1:30 односно 1:36, значи за 36 пати е зголемена цената на пченицата како основен производ за производство за основниот животен артикал лебот.

Исто така би сакал да кажам цените во август месец 1991 година на тој основен производ изнесуваа 14 динари по парче леб од тип 6 00, а тоа претставуваше 1.марка-И 07,фенинга. Сегашната цена што ја формира Владата од 200 денари за парче што го плаќаат граѓаните со 50 денари компензација изнесува 0,70 фенинга. Практично сегашната цена на лебот во однос на минатата година која исто така беше информирана од Владата не се сметаше дека претставува товар на буџетот на нашите граѓани така што сегашната цена е за 30% поевтина во однос на цената која била во август 1991 година.

Ако таа треба да биде адекватна на порастот на цената на пченицата односно основниот производ од кој се произведува. брашното и лебот во тој случај економска цена на тој производ во овие моменти би требала га биде е во односот ако го земеме 1;30 да не го земеме односот 1:36 во тој случај таа би требало да изнесува 420 денари,основна цена на тоа парче леб што исто така во овој момент според платите што ги имаат нашите граѓани би

била нереална и неприфатлива. Од таа причина пак ќе речам, не се во прашање плати- те како основно сидро на кое треба да се задржува антиинфлационата програма туку напротив амбиентот, економскиот амбиент во кој треба да се стопанисува не е подготвен, не е адаптиран на состојбата во која сега се наоѓаме, а причината, како што реков Владата оди на линија на помал отпор, ја бара онаму каде навистина не се наоѓа, туку не сака да на најде онаму каде навистина таа е фактички присутна

Би сакал да кажам кои се и другите оптоварувања во стопанството кои на некој начин. придонесуваат цената да биде така голема, односно организациите кои го пласираат тој производ на пазарот бараат таа цена да биде економска од причина што каматата за која е потребна бидејќи средства тешко може да се најдат и една било која организација да има такви средства да набави суровина во ток од 15-20 дена за да може таа суровина да ја чува една година и да ја троши, а да ја плати во рок од 15 дена како што е случај сега со жетвата. Од таа причина тие организации се принудени да користат банкарски средства, а тоа се кредити со месечна камата од 24%.

Јас би сакал да го наведам примерот на организацијата во која јас на,. некој начин работам па за да биде попластично и посфатливо какви се тие математики, колку се тие средства огромни и колку го оптоваруваат тој производ за да тој производ ја добие таа економска цена која што на некој начин се предлага од самите организации. Ако во организацијата во која што јас работам треба да откупи 15 илјади тони пченица по 120 денари би ја зел таа цена која ја плаќа бидејќи премијата ја дава државата потребни - се 3 милијарда и 800 милиони денари средства да се обезбедат за да се плати таа пченица во рок од 15 дена колку што траеше жетвата. На таа

милијарда и  800 милиони денари по 24% месечна камата организацијата треба да плаќа месечно 432 милиони камата. Би сакал да ви кажам што тоа претставува. Мелницата во таа организација меле 1250 тони пченица месечно. Производите добиени од таа пченица продадени по цените кои сега на некој начин граѓаните ги оценуваат како исклучиво високи, а брашното од тип 500 е 320 денари по килограм, продадени по тие .. цени што на некој начин се оценуваат како високи вкупниот бруто продукт на таа мелница изнесува 224 милиони за тој месец. Практично излегува дека таа мелница треба да произведува два месеци и да го продава своето производство и да не може притоа да ги покрие основните трошоци ниту енергијата, ниту лични доходи односно плати, ниту било што за да може по два месеци работа да плати само камата за еден месец, што практично не е ниту економски оправдано ниту можно да се изведе. Од таа причина практично не е причина би рекол во платите. Платите на работниците кои работат во таа организација да не речам. Се занемаруваат во однос на сите овие други трошоци кои на некој начин се створени како економски амбиент во кои таа организација треба да стопанисува за да може да создава остаток односно добивка и да може да работи и да обезбедува проста репродукција а уште помалку да се создадат услови за проширена репродукција.

Од таа причина би сакал да кажам дека навистина потреба од корекција на платите особено на одредени категории и во стопанството и во нестопанството се повеќе од потребни бидејќи со тие плати како што гледаме не е можно да се обезбедат основните животни артикли за опстанок на една фамилија.. „Меѓутоа мислам дека е потребно за да се створат економски услови, амбиент, во кој можат стопанските организации да работат за да бидат во. состојба да створат доход и од тој доход да можат да ги покрија основните материјални трошоци за да можат да

обезбедат средства да ги платат сите доприноси кон државата за да може тој буџет на некој начин да се полни и да се обезбедат средства за исплата на платите на буџетските потрошувачи и за создавање на услови за да може државата да опстане како држава односно да ги покрие и да ги врши своите функции како држава, да не речам милиција, образование, и сето друго што на некој начин ја претставува односно ја карактеризира државата како држава. Од таа причина мислам дека Владата треба сериозно да го земе тој проблем во разгледување, а не да тргне по линија на помал отпор, да го бара решението во зголемувањето на доприносите и даноците и токму од оние организации и од оние стопански субјекти кои во овој момент едвај на некој начин дишат на шкрги за да можат и така ниското материјално производство да го одржуваат во живот, колку толку да произведуваат, да имаат производи со кои што ќе можат да излезат на пазарот, да обезбедат основни средства за основната егзистенција, а не да обезбедуваат вишок на средства со кој ќе можат да остваруваат и доход односно да остваруваат основица на која би можеле да се применат токму тие даночни зафаќања кои на некој начин се предвидуваат со овие измени на законите кои ги предлага Владата.

Во овој момент мислам дека не се створени услови да се разгледуваат овие закони туку навистина Владата мора да направи една стручна.;анализа на фактичката состојба за да можеме да дојдеме до право решение кое ќе биде прифатливо и за стопанството, да не речам. и за надградбата која навистина исто така се наоѓа во една завидна состојба.

Уште еднаш апелирам до Владата односно до стручните министерства да пристапат кон едно пореално и поприфатливо решение за сите субјекти кои треба да учествуваат во изнаоѓање на решение во оваа состојба во која сега се наоѓаме.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, дами и господо, денешниот дневен ред по "Информација за обезбедувањето на средства за платите што мислам дека не држи таква информација би требало да стои Извештај за извршување на Буџетот за 1992 година за првото полугодие со ставки да видиме каде Буџетот е дефицит, каде е суфицит,;па тогаш да се договориме за некои разлики ако вршиме некое усогласување. Понатаму кога сум кај анализа или извештај сметам дека беше потребно да видиме во стопанството за 6 месеци што е остварено, што не е, како се користат капацитетите кои што постојат, дали се тие застарени дали се тие амортизирани дали се технолошки застарени капацитети, колку се користат, од каде се приходите од стопанството. Дознавме дека општествениот производ ќе опаѓа за 16% односно физичкиот обем тука треба да го бараме решението зашто да опаѓаат капацитетите, што мерки треба да преземеме, капацитетите да се користат, а исто така да се ускладуваат капацитетите кои ги имаме такви какви ги имаме, тие сеуште не се ускладени према производството особено према земјоделското производство и капацитетите за преработувачка односно преработувачките капацитети. Мислам дека тука треба да ги изнајдеме решенијата за обезбедувањето на средства, приходи за Буџетот и сметам дека тие два извештај за остварување на буџетот и анализа за првото полугодие во стопанството се неминовни да бидат присутни на Собранието па да можеме натаму да ги решаваме.

IV/8

По однос на трите закони, Закон за данок на граѓаните, Закон .за данок на добивка, Законот за данокот на промет итн. мислам сите четири точки од денешната седница да отпаднат од дневен ред се додека не го разгледаме прво извршувањето на Буџетот и анализата во стопанството.

Да не должам, сакам нешто ново. да кажам да се пронајде начин како производителот да го плаќа данокот на промет, данокот на услугите,а не крајниот потрошувач. Кога стоката се произведува и при првото продавање да се плати данок на промет, затоа што во покасните продажби доградба, надградба на цените сигурно има некој пропусти па има и задоцнување на плаќањето. на данокот. Мислам дека на тоа треба да одиме, а не да се враќаме назад туку да одиме напред, да ги имаме средствата во буџетот однапред, производителот да ги плаќа и мислам дека тоа треба да се направи.

Ние рековме дека ги замрзнавме личните доходи со Законот. Сметам дека тоа ние погрешно го направивме. Стопанството особено треба да плаќа колку може, колку има средства со тоа се обезбедува средства и за нестопанството. Јас се прашувам ако за. првиот месец е платено данок 100 и придонеси зашто во шестиот месец плативме 836 коефициент 8%, зошто толку плативме. Каде тие средства отидоа и што се направи со нив? Инфлацијата. Рековме дека нема да има инфлација, а зашто ги зголемивме коефициентите при плаќањето на обврските на организациите, значи нешто не е во ред.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Ако е тоа така стопанството исплати личен доход толку колку го има, зголемен за 50%, па се зголемени и приходите на Буџетот за една маса, па се зголемени за толку и другите потреби за потрошувачката на Буџетот.

Речено е тука дека спаѓа и здравството. Мислам дека пензиите и здравството не спаѓаат овде, така да нив да ги иземеме, да знае јавноста дека не влегуваат во Буџетот.

За образованието и другите корисници на Буџетот мислам да ги искористиме сите постоечки можни решенија коч ги имаме од- носно и резерви, да ги употребиме за сега за личен доход со тоа што малку ги успориме инвестиционите средства за кои се уште не сме направиле анализа дали се оправдани или не, бидејќи можеби тие и не се економски оправдани, можеби не се баш толку потребни во овој момент, бидејќи сигурно имаме и други капацитети изградени кои не ги користиме. Исто така материјалните трошоци во Буџетот малку да се намалат, да се успори малку таа потрошувачка таму каде треба да се луксузираме, да видиме дали ни се потребни толку возила и некоја друга опрема. Мислам дека оваа година е најтешка и преодна година од договорна на пазарна економија, а поготово сега со блокадата на економските текови во бивша Југославија и што некои организации на некој начин се врзани со технолошкиот процес да продаваат на овој простор, а сега треба да најдеме други простори, така да настанува помало производство, поголем технолошки вишок се јавува, а со поголемиот технолошки вишок ќе предизвикаме социјала што ќе биде прилично тешко да ја решаваме. Затоа за платите во стопанството би требало на тој закон да направиме една целосна анализа и тој закон како таков да се укине стопанството да може да исплаќа лични доходи колку што

може. Додека пак за нестопанството мислам дека е крајно време да се направат платни разреди, не тоа што било порано туку да се направи нешто подобро, спрема условите: образование, стручни квалификации итн., така да имаме еднаков платен систем кој ќе важи за целата држава, а не кој како се снашол, некој повеќе некој помалку и каде има прилично големи разлики и големи реакции во тој од- нос. Ако сите тие работи ги завршиме мислам дека сигурно нешто ќе се олесни.

Исто така, кога веќе на некој начин цените не може да растат така како што треба, но јас сметам некои цени, еве за десетина производи како што се: превозот, лебот, месото, месните производи и млекото, сол, шеќер, зејтин кај нив цената тотално да се замрзне, а ако треба од Буџетот ќе се дотира за да се покријат загубите на тие организации, претпријатија од јавен општ интерес, меѓутоа да имаме една еднаквост. Еве на пример повеќе капиталистички држави ги ограничуваат цените кај тие производи, односно тие не можат да се зголемуваат во секое време, но само кога има оправдување за тоа.

Во однос на каматите, не знам кај банките чии се тие средства. Еве на пример 25% да се плаќа камата на средства кај некоја организација која земала средства да изгради некој капацитет кој го немаме во Републиката, па тоа е апсурд. Не може капацитетот да се изгради за две години, а се плаќа месечна камата од 25% ч плус камата на камата. Тука треба да се изнајдат решенија. каматата треба да биде 2,4 најмногу до 10%, а сигурно тоа ќе биде кога инфлацијата нема да оди нагоре.

Јас имам уште некои работи да кажам но сега ќе одустанам сметам

V/3.-

повеќе да се оди на кредитирање на стопанството со ниски камати.

Инаку овие закони што денес се на дневен ред не да ги одложиме, туку да не ги ставаме на дневен ред како такви а и информацијата исто така да не ја ставаме на дневен ред, а кога ќе биде готов извештајот и анализата за стопанството, тогаш да се договориме, а мислам средства ќе се изнајдат само ако бидеме упорни во тоа, да не ги кажувам сите тие извори коч можат да бидат.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Бидејќи ценам дека сме сеуште во фаза на утврдување на дневниот ред, мое размислување е, бидејќи на дневен ред се еден пакет на закони коч се заемно поврзани дека нема потреба од донесување ниту на еден ваков закон. Би дал и едно кратко образложение со идеја дека образложението што го дава Владата дека се потребни овие закони да се обезбедат плати во стопанството, ценам дека тоа образложение не држи од неколку причини.

Прво, ако го земеме нестопанството односно здравството како нестопанска дејност, иако имавме со претходниот закон за платите каде ние дозволивме зголемување на платите, тоа исто зголемување, бидејќи системот на прчдонеси е од таков карактер да е процентуален, автоматски би значело и соодветно зголемување на масата на пари во Фондот за здравство. Според тоа, таму нема да имаме проблеми. Исто тоа се однесува и на пензиско - инвалидското осигурување, а би рекол и на образованието бидејќи ако се земе начинот на финансирањето на образованието кој беше практично по системот на придонеси со утврдена стапка и ако тие средства ги цениме како усмерени средства за образованието, иако таа стапка сега е синтетизирана, мислам и тука не би

имале проблеми.

Она што е клучно и каде што Владата најмногу инсистира односно од каде што би добила најголема маса на пари тоа е од данокот на производи и услуги што ценам дека во овој момент поцелисходно е да се обрне внимание на тоа како да се собере целиот данок на промет а не со зголемување на стапките, бидејќи зголемувањето на стапките ќе ги оданочува практично оние истите, а оние што не плаќаат и колкава да е стапката практично нема да има никаков ефект. Може би реално решение е само да се воведе ред и дисциплина спрема даночните обврзници, што секако не е едноставна работа, меѓутоа е работа што, дали оваа Влада или некоја друга ќе мора под итно да се нафати. Инаку доколку останат вака работите најверојатно нема да имаме ни Буџет ни држава.

Не сакам да должам само сакам да предложам, бидејќи немаше некои исонантни изјави досега од прилика кај сите пратеници е едно мислење дека нема потреба од донесување на овие закони, да поминеме на усвојување на дневниот ред, односно да не го усвоиме дневниот ред и со тоа практично не би ги усвоиле ни законите, па би завршиле онака, бидејќи гледам дека нема расположение, барем од досегашните дискусии за усвојување на овие закони.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа,

Антиинфлационата програма која беше донесена во април месец мислам дека сите различно ја прифативме и ја поддржавме и ја усвоивме во Парламентот. Тоа беше еден добар показател дека тековите во нашето стопанство ќе одат во една нагорна скала, а не да стагнираат или пак да одат надоле.

V/5.-

Меѓутоа уште со првите денови игли недели оваа Антиинфлациона програма почнаа некои цени на производи и услуги рапидно да се зголемуваат што луѓето, поготово од нестопанството многу ги револтираше, бидејќи луѓето од нестопанството, вклучувајќи го тука здравството, образованието и другите, да речеме вработените во Армијата, Милицијата итн. покорно се придржуваат на добиените лични доходи бидејќи немаа никаков извор за нивно зголемување. Меѓутоа во стопанството такво нешто немаше. Уште од првите денови и платите во стопанските организации, било тоа во производните, било во прометните или пак било во коч други организации на најразлични начни се зголемуваа платите, не на основа на стварно остварениот доход или надминување на границата што би дозволувало ч такво нешто, туку само на сметка на покачување на цените и услугите.

Ако е точно тоа дека во првите шест месеци производството во Македонија е намалено за 20% во однос на 1991 година, а нешто толку беше ч кај повеќе ч во 1991 година во однос на 1990 година, тогаш можеме да си замислиме за две години какво рапидно намалување на производството во Македонија имаме. Некои ќе речат тоа е поради преструктуирање и ред други работи. Меѓутоа, мислам дека сто- панството не ги покажа своите задоволителни резултати во однос на преструктуирањето, во однос на вклопувањето ан економските текови на нашиот економски пазар како ч во странство. Меѓутоа, вработените во тие дејности, мислам во стопанството ги зголемуваа платите се на сметка на зголемувањето на цените, што ние од нестопанството со навистина загрижена состојба ги набљудувавме. Додека кај нестопанските дејности личните доходи стагнираа во овие стопански организации рапидно се зголемуваа.

За да биде моево изнесување поубедливо дека ние во нестопанството од април наваму немаме ни еден динар покачено за плата,

V/6.-

ќе ви ги предочам податоците добиени од СОК во Македонија. Ќе зборувам за Тетово, за вработените во Медицинскиот центар, бидејќи од таму потекнувам.

На пример лекар специјалист основна плата има 59 иљјади денари. Има некои корекции тука и за некоја иљјада помалку а и некаде да речеме во Струмица на клиничките итн. и повеќе, до 80 иљјади денари на основната плата. Лекар од општа пракса во Тетово има 47.320. Една медицинска сестра зема 33.670 денари а додека еден хигиеничар, бидејќи такви податоци имаме во нашиот Медицински центар има 24 иљјади денари. Јас се прашувам хигиеничарот, сестрата и лекарот од општа пракса веќе станаа социјални случаеви, а мислам треба да очекуваме чистата судбина да ги дочека и лекарите специјалисти. Па дали е тоа фер или се уште некои тука кога изнесоа дека прво да се подобри стопанската состојба во производните претпријатија па и тогаш тие нешто да фрлат и на нестопанството. Јас мислам дека тезата што се пласираше за тоа 30 години дека треба прво стопанството да се зајакне па да му пружи шанси и на нестопанството, мислам дека пропаѓа. Па ние сме еднакви или пак рамноправни партнери во ова стопанство, без разлика дали сме во стопанството или нестопанството. Не може еден стручњак лекар специјалиста да зема 57 иљјади денари. Јас би го прашувал мојот почитуван колега пратеник Љубосав Иванов колкав личен доход он има. Бидејќи јас се легитимирав како лекар специјалист 57 иљјади денари земам и уште 10-15 иљјади денари поради стаж и некоја позиција во работната организација а јас би го прашал него колку он зема како директор, без разлика дали е директор на производна организација или комплекс од производни или прометни организациите, или да речеме неговиот техничка директор, неговите директори по овие служби и организации колку пари земаат. Ве молам, после мене барам вие да ми одговорите со исти вакви податоци

како што јас ги изнесов добиени од СОК. Доста веќе демагогии дека нестопанството ќе се дотира од стопанството. Тоа е едно што сакав да го подвлечам.

Второ, оваа група на три закони што се однесува на законот за доходот, покачување на стапките и третиот закон, мислам во овој момент како една преодна фаза во санирањето на нестопанството треба да се донесе по итна постапка, а во наредниот период, било тоа оваа Влада било тоа наредната Влада што ќе дојде да се зафати таа со тие проблеми. Недостигот на средства во нестопанството, во здравството, во образованието ч во другите нестопански дејности да биде дотирано од еден постојан извор на средства, што мислам тоа Владата, бидејќи си има министерства, дали е тоа Министерството за финансии итн. да одвојува средства од други зафаќања, а тоа е зголемување таксите на бензинот,на алкохолот, на цигарите и тутунот што е преработен, понатаму на одредени козметички производи коч се сметаат како луксузна стока во нашиот секојдневен живот. Понатаму, зголемена такса на луксузните увезени производи од бела техника, ТВ, радиа, луксузните автомобили итн. Мислам дека голем дел од увезени луксузни автомобили увозниците немаат ни еден динар платено давачки на оваа држава, што мислам дека тоа министерот Тошевски треба да ми го каже па да видиме на кој начин некои луѓе во ова наше општество или оваа наша нова држава за 24 часа се збогатуваат, а додека некои други како што ги спомнав хигиеничарите, сестрите и лекарите од општа пракса не ќе имаат можност само лебот ч млекото да си го купат во текот на овој месец.

V/8.-

Понатаму, ригорозна финансиска"политика за исплата на личните доходи што ние и минатиот пат кога донесовме некои зголемувања кои што беа во здравството беше наведено дека исплатата на личните доходи во општествените организации, во акционерските друштва, во мешовитите друштва итн. да биде под една ригорозна контрола. Понатаму, уплатата на придонесите од приватните занаетчии, поединечни или тие што веќе имаа оформено претпријатија или фабрики. Понатаму редовна уплата на придонесите на земјоделците. Понатаму редовно собирање на даноците од куќите и други подвижен или неподвижен имот. Еден од пратениците изнесе и рече дека нашето подрачје станува место каде се продава се и сешто само што не се оданочува. Значи да им се стави крај на уличните продавачи на тутун на разни производи од технички карактер, од производи итн. Сето тоа да се запленува затоа што мислам дека и полицајците се должни тоа да го прават, бидејќи ако сме оделе ние во странство сме виделе дека ниеден човек не може ништо да продаде во странскиот пазар на улица, надвор од дуќанот кој за тоа е регистриран, а сите тие средства собрани од препродавачи да се продаваат ч да одат во овој фонд што ќе биде за зголемување на платите во нестопанските дејности. Веројатно има и други работи што јас не ги спомнав, но сигурно некој од пратениците ќе се досетат и ќе ги спомнат па на тој начин законите што ги спомнав да се донесат, а за во иднина да се мисли за оваа работа.

VI/1. ЛК/ЈБР

**ЉУБОСАВ ИВАНОВ:**

Не знам, ако докторот добро ме следеше, јас кажав дека нема паметен човек кој ќе каже дека личните доходи во сферата која е надвор од стопанството се доволни за една нормала живеачка. Меѓутоа,кажав ние создаваме една квадратура на круг, а тоа е, ќе ги покачуваме личните доходи вештачки, па потоа следува огромно покачување на цените на производите на другите услуги и повторно тие лични доходи што ги покачивме ни ги покриваат минималните потреби на граѓаните.

Според тоа, проблемот е во развојот на стопанството, во сопирањето на огромниот економски пад на производство, економичност, продуктивност итн., тој пад да го сопреме и да започнеме со една развојна офанзива, па нека биде еден - два проценти за да за толку почнеме сега реално да овозможиме покачување на личните доходи.

Инаку, што се однесува со "Силекс" и тоа што докторот ме прозва, јас зборував воопшти за стопанството во Републиката. Мислам овде не зборуваме за сопствени организации. "Силекс" и во оваа ситуација остварува високи трошоци и ако баш го интересира, мојот личен доход е за трипати, можеби и нешто повеќе поголем од неговиот. Меѓутоа, да ви кажам дека "Силекс" само за 6 месеци остварил 8 милиони марки остаток, можеше да исплати и 100-тина лични доходи.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ;**

Почитувани пратеници, кога се донесуваше Буџетот реков и сега пак ќе повторам дека ние сме единствена држава во светот во која што секој се залага, кај нас и пратеници и Влада, за зголемување на Буџетот. Обично во цел свет во сите парламенти кога е на расправа Буџетот секој гледа од каде

се може да се скастри. Оттаму јас како пратеник во ова Собрание овој предлог на Владата во најмала рака го сметам за несериозен. Да се предлага денес да се зголемуваат даночните стапки, во најблага форма тоа е смешно Само би ве прашал што ќе мислат оние луѓе кои вложиле сега странски капитал кај нас, кои го вложиле под одредени услови, сме ги запознале со нашите даночни стапки и сега денес да изгласаме да ги зголемиме даночните стапки. Во најблага форма кажано тоа е несериозно. Со ваков начин на работа мислам дека нема никогаш да привлечеме било каков странски капитал и било кој странец не би се осудил да вложи кај нас свој капитал.

По мое мислење главниот проблем, сум го кажал неколку пати и посотјано ќе го кажувам е во нефункционирањето на државата и државните апарати. Тврдам дека ниедно министерство не функционира, значи, препуштено е се на анархија. По мое мислење тука лежи главниот проблем околу нашето непризнавање бидејќи воопшто ние не личиме како држава, не функционира ништо во оваа држава. Инспекциските служби во сите минситерства се посебна приказна за себе и факт е дека само кај нас во нашата држава може да се случи да дојдат шверцери и да демонстрираат пред ова наше Собрание, затоа што се спровела некаква рација наводно под национална основа итн. и потоа за да ги смириме шверцерите биејќи демонстрираат, ќе им ветиме дека нема да ги закачаме, а гледаме тие и понатаму работат и си ја вршат својата работа.

Факт е дека државниот буџет е оштетен со десетици и десетици милиони долари од шверцот со цигари, кафе, алкохолот, девизи и ми се чини дека пратеникот Тодор Петров предлагаше наколу пати за

легализација на тие менувачници, да не бидат диви, државата да има контрола еден вид врз нив, да си плаќаат данок на тој нивен остварен приход, но сите гледаме колку тешко тоа проаѓа кај нас.

Понатаму, тврда, го кажав и минатиот пат дека ние немаме никаква царинска контрола и оттука царински прилив од нашата се- верна граница. Факт е дека тука и стоки, капитал и луѓе и се живо и диво проаѓа и никој жив ниту ги контролира, ниту ништо.

Понатаму, се вршат, по мое мислење огромни буџетски зафаќања и до се по бројните министерства за внатрешни работи, а посебно Министерството за народна одбрана. Тука го гледам Буџетскиот дефицит бидејќи на почетокот беше кажано дека нашата војска ќе се организира во една погранична служба, но факт е дека се врши невидена милитаризација на Македонија, дека кој стигне се прима во нашата Армија, со што се зафаќаат огромни средства од Буџетот.

Што е најважно, доколку ги усвоиме сега овие предлози што се од Владата, ќе предизвикаме натамошен пад на производството што по мое мислење ќе биде катастрофално.

Господинот Љубисав Иванов кажа дека сме земја на шверц со паралелна сива економија, со што јас потполно се согласувам, но јас би додал уште нешто. Да не излезе дека општествените или акционерските друштва сега фирми кои се преструктуираат се цвеќе ќе кажам и тоа дека нашата држава не води контрола и јавно би ја запрашал Владата дали има фирми и кои се тие да ни се каже кои држави огромен странски капитал во странство, дали тоа е дозволено со нашите закони. Сметам дека и тоа треба ние како пратеници да го знаеме, а не да го дознаваме од дневниот печат.

VI/4.-

Предлагам овие закони воопшто да не ги разгледуваме зашто, повторувам, за мене се несериозни.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ :**

Сакам да интервенирам деловнички, иако можеби немам многу право. Дискутираа 7-8 дискутанти после излагањето на г-динот министер за финансии во врска со итноста од донесувањето на овој Закон. Во контекст на извештаите што се доставени од работните тела на Собранието, од матичните комисии што ги имаме и од распра- вата што се води и општото мислење што е меѓу пратениците очигледно е дека се работи за несериозен и срамен потег од предлагачот, за кој здрушно овој Парламент влегува во таква замка да расправа за матери- ја за која апсолутно воопшто не треба да расправа. Едноставно треба да се изјасниме за предлогот дека не сме за итноста која ја предлага оваа Влада.

Инаку, јас можам само да сочувствувам со г-динот министер за финансии што ја има таа неблагодарна позиција и улога овде во овој Парламент да предлага и брани проклети за кои длабоко јас верувам дека и тој самиот не верува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, тоа веќе не е деловничка работа.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Не е, но морам да го кажам.

Затоа, предлагам конкретно да се изјасниме за итноста, ако евентуално овој Парламент мисли дека постои таа итност и го поддржи мислењето од предлагачот, тогаш да расправаме по материјалот.

VI/5.-

**ФАИК АБДИ:**

Прво, сакам да укажам една мала критика до новинарите , до печатот овде заради тоа што на минатата седница кога зборувавме за донесување на грбот ...

(пратеникот Наќе Стојановски и некои други пратеници реагираат од место зошто предлогот на пратеникот Наќе Стојановски не е ставен на гласање)

Значи, сакав да упатам една мала критика до новинарите минатиот пат кога зборувавме за грбот новинарите запишаа во"Нова Македонија" два реда - г-динот Фаик Абди предлагаше што знам што таму, се согласуваше да оди на јавна расправа. Суштината не беше таа, или не гледате, или не слушате г-да новинари, простете за изразот.

Сакам да се произнесам по оваа материја што е предмет на расправа денес. Ако внимателно сте го слушале г-динот Љубосав Иванов, и ако се уште имаме гости до Дијаспората од целиот свет овде, на конгресот што некни се одржа, знаете што ќе помислат тие? Дека сме ние држава што не постоиме, дека сме дива држава, дека немаме никакви закони, дека овде владее мафија, дека имаме мафијаши, имаме се итн. Тоа се кажа овде. Меѓутоа, да се разбереме, има една вистина. Кога човекот е откриен., секој го плука, така вели народот. Ние овде зборуваме дека оданочувањето не е исправно, дека многу луѓе приватници со убави фабрики ги ставаат парите во рака, во џеб и никаков данок! Зборот ми е  оваа наша Влада односно треба да најдеме влада која ќе води борба против прохибицијата, некои си Елиот Нес, исправен човек, исправни луѓе, кои нема да бидат поткупувани.

VI/6.-

Јас не велам дека Владата е поткупена, да се разбереме. Меѓутоа, мислам дека ни треба една „јака. Влада, едни луѓе кои ќе бидат добро платени.

Морам да им се обратам на учителите, наставниците, професорите, здравствените работници и на сите тие што бараат со кои се среќаваме лице во лице - па еве, нема пари. Јас се согласувам со заклучокот на комисиите на Собранието, се согласувам со ова. Не се согласувам со предлогот на Владата, ниту со итноста, ниту со предлогот. Читам данок од доход на правни лица од 13, б плус 3% да се зголеми на 16,606. Тој данок ќе биде инкорпориран во цената на чинењето односно во добивката, она што го имало претпријатието ќе остане уште помалку или пак ќе ја зголеми цената, а ние како краен потрошувач ќе ја плаќаме. Замислете ја логиката. Сега данок од личен доход на работникот од 13,354 на 19,835, и ова се знае што значи, зголемуваше на цената или немање акумулација или зголемувањето на цената пак ние да го платиме. Пак куповната моќ е намалена за толку. Не може, нелогично е, како може вака да биде. Опростете г-да министри колку сте овде, толку, мислам дека работава е не сериозна, многу е несериозно ова е сфатено или сфатено е - што е, вие на нас доверба не ни дадовте, ние сега пред Парламентот ќе излеземе и ќе предложиме вакво нешто, ај прифатете да видиме, па народ нема да ве сака. Можеби тоа е, можеби не е така,да се разбереме, но чисто како човек, размислувам, резонирам дека може би е тоа, но дајбоже да не е тоа.

Мојот предлог е ова да се прифати и предлагам да ја прекинеме дискусијата натаму. Видете, јас и секој од нас за ова сигурно може да зборува многу. Ако може за една запирка, г-да пратеници да разговараме 4 дена овде, за економските прашања нека бидат поставени 40 часа ќе седиме без да одиме дома, за да има добра економија. Без добра економија нема личен доход, нема плата, нема ништо, нема ни за тие што

ги создаваат средствата, тие што ги оплодуваат и нема ни за општа и заедничка потрошувачка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, за да нема забуни, да кажам дека јас отворив расправа во врска со образложението на министерот за финансии за потребата од итност, по извештаите на комисиите и по предлогот на заклучоците. За дискусија се пријавија 17 пратеници. Јас немам никакво право на некого да му одземам збор. Ако се откажат пратеници овие од 10 до 17, мислам дека тогаш може да се гласа за Предлогот на Наќе Стојановски и Фаик Абди. Ако се откажат. Еве, имаме уште 7 пратеници пријавени за дискусија.

Има збор пратеникот Митко Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Полека, полека, влегуваме во најгорливите проблеми на оваа земја. На 7 март минатата година влеговме малку во ова стопанство, но тоа не беше ништо, прекинавме. Прекинавме за да дојдеме на 18.08.1992 година. Според мене и според моите видувања стопанството во Македонија е во тотален пораст, освен во неколку фирми. Дали тие директори се способни што ги водат тие фирми или пак се способни оние што работат внатре во тие фирми тоа е второ прашање. Меѓутоа, тотално гледаме дека нашето стопанство тоне. Според едно мое видување и една моја лична анализа видов дека системот- јас секогаш тргнувам до системот- во работата на големите стопански организации остана ист. И сега некој ќе ме праша: добро бре Митко, од каде пак тие наоѓале пари па ги плакале работниците. Тоа е друго прашање од каде наоѓале. Затоа денес повеќето од работниците се на питачки стап, на принудни одмови итн. Се поставува

прашањето за зголемување на даноците. Ве молам, на едно големо претпријатие кое е сеуште е на нозе ќе му ги зголемиме даноците. А како ќе му ги зголемиме даноците на тој што бара данок~од нас. Г-динот Љубосав Иванов ме наведе на една мисла кога рече за Германија. Германецот е Германец, Македонецот е македонец. Германија со 70 милијарди долари го направи гој гигант кој се вика Германија, а таа бивша Југославија со 20 и повеќе милијарди дојде на питачки стап и во војна. Тоа е разликата меѓу таа Германија, оваа Југославија и оваа Македонија. Веројатно и тука се фрлени големи средства.

Јас се обраќам кон телевизијата и новинарите, ништо од нашите говори не се објавува во весниците, но треба да знаат дека касетите на ВМРО шетаат низ целиот свет и на тоа сакам да ве предупредам. Никаде во"Нова Македонија" или во друг печат тоа не го пишува, туку има само по две реченици, понекогаш ништо•

VII/1/JM/ЛБ

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**: (продолжение)

Зборувам за Германија, со 70 милијарди долари е гигантот што се вика Германија, а нас незнам колку не задолжуваат , отидоа во неврат. Зошто, ќе одговорите вие. Денес што стана, дали треба да ја обвинуваме Владата што беше до виера. Според мене најискрено речено јас не можам да ја обвинам Владата, онаа што е во оставка. Зошто? Не можам да ја обвинам затоа што не стигна до тој поток каде што ќе ја сопре инфлацијата. Уште една работа незнам каква Влада да беше и незнам какви луѓе да биеа не ќе можеа да го сопрат процесот на инфлацијата. Кај нас постои анархија на производството, постои анархија на пазарот , анархија на парата. Ми се чини дека ќе се сложите со тоа. Не може да се гради систем, пазарна економија со псевдо систем, со еден лажен систем. Или ќе тргнеме по пазарната економија, или ќе тргнеме по тој пат, по тој поток каде што ќе не донесе сите во провалија. Дали кај нас буџетот е реален? Видете, во таква држава не може да биде реален буџетот. Секој ден Владата треба да прави нов буџет, затоа што сите средства не се влеваат во државниот буџет. Одете на бит пазар, појдете на ова пазарче , тука е друг пазар каде што не се плаќа ниту данок, ништо на државата. Кој е виновен за тоа, виновниците ние не ги бараме, кој го упропасти стопанството, за тоа виновниците не ги бараме, а тие се меѓу нас, ако не меѓу нас, надвор се?во кругот од нашата држава. Јас би предложил, јас сега во моментот би предложил закон за национализација на сите имовини ограбени од на- родот за тие 50 години. Тогаш ќе имаме прилив не само за буџетот, но ќе имаме и работа за луѓето кои питаат по улиците. Осакатени се и работниците во стопанството, осакатени се и работниците во општествените служби. Општествените служби чекаат од стопанството, стопанството од каде чека ? Еден даскал зема 30, 40 милијарди , еден доктор зема 50 милијарди еден службеник зема 50, или 20 милијарди, еден пензионер зема од 20 до 30 милијарди,

еден работник чека 3 месеци за да земе плата, некој е под принуден одмор. Тие прашања драги пријатели, не сме ги поставиле. Се поставува прашање од каде средства во буџетот? од каде во празна куќа ќе поставиш ред. Не можеш. Според тоа ние доцниме во многу работи . Да се лажеме ќе можеме да се лажеме колку сакаме. Вистината да ја кажеме, не можеме лесно да ја кажеме. Сонцето дали можеме да го сопреме? Не можеме. Утре ќе не осудуваат децата, поколенијата што доаѓаат. Јас од оваа Влада побарав завиера некои одговори, но од другата Влада која ќе ја формираме ќе поставам само 12 точки на кои треба да ми одговори секундарно од каде ќе најде пари да живее, од каде ќе најде пари за овој народ што пита по улиците.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство. Ние овде уште еднаш покажавме дека овде навистина се води случајна економска политика, не стратешка онаква каква што заслужува оваа Република Македонија. Ако Владата донесе економска политика, ако Владата донесе антиинфлациона програма и ако терминот што требаше на 31 март да биде заокружен за лимитирање на исплатата, на нивото на исплатата на личните доходи не требаше тој термин да биде пробиен до 25 април за да автоматски уште во самиот почеток практички направивме пробој на антиинфлационата програма.

Второ, мислев дека и тоа усогласување што го направивме во врска со пензиите најверојатно, нека ми опростат колегите,но повеќе имаше политичка конотација отколку што и реалност барем за овој момент економски момент . Мислам и тоа е дестабилизира нашата вкупна економска политика. И најпосле изгласавме закон за исплата на личните доходи каде што се дозволува пораст на личните доходи за 137% итн. без економска подлога, без да ни биде речено овде дека навистина ние не

можеме тие средства да ги обезбедиме како такви. Тука испадна и Владата и ние да покажеме не економски критериуми. Се дојде во една ситуација да личните доходи практички во нестопанството заостануваат за 61,1% во периодот од јануари -јули по условно неквалификуван во однос на личните доходи во стопанството. Мислам дека таква дискрепанца да личните доходи во стопанството бидат толку повисоки во донос на личните доходи во нестопанството, мислам дека не држи место а исто не држи место да еден вработен кој што е на работното место како активен работник со исто звање, исти обврски да има понизок личен доход од еден пензионер така, што сето тоа не става во една апсурдна ситуација Тогаш е логично работниците од нестопанството да бараат да се преиспита цената на нивниот труд со што ќе се определи нивната економска и социјална положба. Ова особено е значајно сега кога цената на трудот во нестопанството е непазарна, а со тоа не се остварува минимум средства потребни за егзистенција, а тоа се одредува врз работната, економската и социјалната положба на овие работници. Ова особено станува поактуелно сега во овој момент сега одредени стопански монополи, главно монополски организации и институции како што е СОК, Макпетрол, колку што сум информирам ПТТ, Охис итн. веќе исплатија зголемен личен доход по основ на одлуката што ја донесе Парламентот во претходниот период. Дали сега му преостанува на оваа категорија работници да се служи со други средства што би ја дестабилизирало Републиката. Мислам дека одговорот би бил не. Меѓутоа, не сум за економска политика во која што само даноците ќе бидат критериум за практички да можеме ние да ја извадиме и оваа структура. Цело време се вадиме со една ситуација дека практички стопанството го дестабилизира нестопанството, вон стопанските дејности. Колку што ми се познати податоците вкупниот број на вработени во вонстопанството се некаде 82 илјади, а вкупниот број на режиски работници во стопанството се 120 илјади вработени.

VII/4

Тоа не значи и не сакам погрешно да бидам сфатен дека не постојат услови дека треба да се рационализираат и вонстопанските дејности. Сигурно дека тоа е потребно. Меѓутоа ако бараме реформа, треба да бараме реформа во вкупното наше еобитие. За да бидам поилустративен, колегата Душан Трпчевски наведе податоци за здравствените работници, да речеме лекар специјалист зема личен доход околу 57 илјади денари, 60 илјади денари , лекар 51, медицинска сестра 31, а со овие од образованието ситуацијата не е ништо подобра. Еден професор во основно образование зема 40 илјади денари, еден наставник зема околу 35, а еден учител 31 илјада денари. Мислам дека нема многу шанса вонстопанските дејности да остварат сопствени приходи, додека стопанството е во состојба со ѕидање на цени да може да оствари покачување на личен доход и да се создаде една голема разлика. Вонстопанството не е во состојба тоа да го направи. Не сум за тоа ние навистина на стопанството му преставуваме товар, меѓутоа овие се јавни служби кои што мораат да егзистираат како такви.

И на крајот да кажам дека ако навистина сакаме животот на некого, на сите да му претставува повеќе луксуз отколку пекол, мислам дека треба да се води сметка и за оваа категорија на граѓани. Не можеме во овие услови ние да ствараме, навистина на непазарни услови газди и слуги. Затоа предлагам пред овој Парламент да бидат усвоени следните законски проекти и многу да не се расправаме ако сакаме барем до некаде да ја водиме економската стратегија.

Прво, законот за трансформација мораме под итно да го донесеме, Законот за даночната политика исто така, Законот за јавни служби и Законот за работни односи. И на крај колективните договори кои што ќе ја регулираат разликата на личните доходи кој ќе биде најнискиот а кој ќе биде највисокиот личен доход . не може некој да зема личен доход над 500 илјади денари, а да не биде оданочен како што тоа е на запад. Мислам дека

мора да се води таква даночна политика и ова прашање мора да го регулира даночната политика.

**ЏЕЛАЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници со оглед дека беше речено доста по ова прашање, јас само накратко сакам да го изнесам следното, дека без рационализација на вработените кај сите корисници на буџетот, односно разрешување на проблемот на технолошкиот вишок кај овие корисници тврдам дека состојбата на личните доходи кај овие корисници и понатаму ќе бидат такви како што се. За оваа мерка јас дискутирав и кога беше предмет на расправа буџетот на Републиката за 1992 година, меѓутоа ниту пред тоа, ниту после тоа Владата на овој план ништо не направи. Со политика на незамерување не може да се спроведе ниедна програма па ниту и антиинфлационата програма. Јас очекував искрено дека набрзо ќе расправаме за ребалансот на буџетот, меѓутоа Владата ни предлага едни вакви мерки за разрешување на овој проблем кои мерки секако дека се доста непопуларни за овој миг. Ние сакале, или не и како Влада и како Парламент мора да соочиме со разни социјални тензии и проблеми меѓутоа кога е во прашање спроведување на економската програма ние сите заедно треба да бидеме доста по решителни и по единствени со цел да испливаме од оваа состојба во која се наоѓаме.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, не сакам да елаборирам за се она што беше речено овде, но морам да кажам во врска со предложените закони нешто што мислам дека не е во функција, а она што е во функција баш во општествените дејности. Сигурно дека предложените закони и од јавната расправа се виде дека се непопуларни заради тоа што ланчано ќе доведе до зголемувањето преку даноците на цените и на услугите и на производите, а со тоа сигурно и ќе се наруши стандардот на луѓето, Но, со донесувањето на Законот за платите мораше

да се регулираат одредени односи баш во општествените дејности заради, тоа што личните доходи заостанаа барем од онаа анализа што ни беше дадена после донесувањето на антиинфлационата програма за 61% и со предлогот на законот знаеме колку сето тоа изнесува. Сигурно дека во овие услови средства за исплата на овие лични доходи не можат да се изнајдат вака како што се поставени односите, а и предложените закони сигурно нема да ја подобрат состојбата иако се зголемат личните доходи. Мислам дека во системот досега требаше да се направат одредени работи кои што не беа направени. Мислам и овде, а беше елаборирано и пред тоа дека обврските на обврзниците во плаќањето на даночниот систем и плаќањето на придонесите не беа до крај регулирани, односно никој не си ги плаќаше обврските спрема фондовите и спрема буџетот на Републиката. Според тоа, заради не наплаќањето на овие обврски и буџетот, а и фондовите останаа празни во услови кога дел од општествениот капитал помина во приватен капитал, кога само придонесите останаа да ги плаќаат општествените како обавезни да плаќаат придонеси и даноци, а додека делот кој се изгуби, мислам се изгуби од финансиската контрола заради тоа што дел од приватните не само што не плаќаат даноци, туку не плаќаат и придонеси доведе до тоа фондовите и буџетот на Републиката да бидат се по празни и по праз- ни. Ако се направи една анализа, а тоа мислам требаше преку СОК и Владата, иако овде беше на неколку пати сугерирано да се види какви се извршувањата на обврските на сите субјекти во државата спрема буџетот и спрема фондовите тоа не се направи. Мислам дека таа грешка денеска нас тешко ни се одразува баш во примената на овој закон кој што го изгласавме. Без една таква анализа која што ја баравме, а не е направена ние не можеме да се одлучиме да донесуваме закон кој што сите на некој начин ќе не засегне, заради тоа што мораме да плаќаме од личниот доход. Да видиме какви се обврските на сите субјекти

во државата, мислам во плаќањата на придонесите и даноците. Овде беше доста зборувано за сивата емисија, мислам пазарна економија каде што не се плаќаат никакви придонеси нити за буџетот, ниту во другите фондови. Да видиме колкав е тој дел кој што останува во џебот на граѓани на поединците, а треба да се прелие во буџетот, односно во фондовите. Ако низ тој механизам на прибирање на овие средства ние обезбедиме доволно пари да се примени законот ќе го применуваме. Ако од тие извори на средства не обезбедиме пари тогаш треба да се применуваат некои нови форми на оданочување. Само за една информација, сите субјекти кои што треба да плаќаат придонес за здравство не ги плаќаат ниту 30% до 40% обврските од стапките на придонесите. Сите работни организации дали се тоа од општествен или приватен карактер придонесите за здравство, за образование ги плаќаат на некој минимален доход кој што не е воопшто реален . При една анализа на фондот за здравствено осигурување во една работна организација иако просекот на личниот доход во таа работна организација е над 35, 40 илјади денари се плаќа придонес само на 15^да§ади денари. Каква е таа разлика. Јас мислам дека не е само една работна организација која што ги избегнува обврските спрема фондовите и спрема буџетот. Тоа сите го прават. Мислам заради тоа стана една ваква диспропорција и во примањата на личните доходи, односно и во обезбедувањето на средствата во буџетот и во фондот. Овде Душан Трпчевски доста зборуваше за здравствените работници и јас сум здравствен работник со овој закон здравствените организации, односно фондот не обезбедува ниту минимални средства за зголемувањето на личните доходи.

ЈОВАН НИКОЛОВ: (Продолжение)

Начинот на обезбедување на средствата за здравствена организација и како дел од општествените дејности е во наплаќањето на ставките на придонесите за здравство ако тие се доволни, а ако не се доволни треба да се види каква е потрошувачката на осигурениците овде на неколку наврати зборував за тоа дека во системот на здравствената заштита фондот е на осигурениците, а не на здравствените работници, односно тие што ги трошат средствата на фондот. Ако правата на осигурениците се поголеми од она што партиципираат во Фондот, тоа треба да видиме да се зголеми придонесот за здравство, а не да викаме дека е фондот на здравствените работници, па еве вие што сакате правете. Поинаку треба да се воспостават тие односи на здравствените организации како работни организации кои пружаат здравствена заштита треба да им се признае и економска цена на здравствената услуга и низ своето работење да создава доход. А не некој друг да им одредува доход. Тој што низ своето работење создава доход треба да прими друг доход, а оној што не создава не треба да прима доход. Ние сме ставени во една состојба измеѓу пазарна и некоја договорна економија, па не си ни ваму, ни таму. Ти мораш да се прилагодиш на условите на договорната економија, а од друга страна мора да купуваш производи под услови на пазарна економија. Едно со другото не оди. Мора да се расчистат тие односи. Ако тие односи не се расиитат, сигурно здравството ќе биде во се потешка и потешка состојба. Така, многу да не должам, да завршам мораме да ја задолжиме Владата, мора сите субјекти да ги стави во една финансиска дисциплина, даночна и она другата што произлегува од обврските како придонес таму каде што не Буџет, а е

фонд. Ако тоа го направиме и низ таа анализа, тоа како заклучок, видиме колку средства ни недостасуваат, тогаш можеме да расправаме, а сега не.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, сметам дека бев пријавен, а и гледам од тоа дека многу е исцрпена дискусијата и дека многу се зборуваше скоро сите исти дискусии се повторија, само штом излегов барем јас неколку работи ќе . потенцирам накратко. Ние не можеме да се помириме со една ваква судбина каде што дозволивме распонот да оди во стопанството и во вон стопанството да е така голем, кај што во една голема маса на луѓе како што се наоѓа просветата, здравството, полицијата, Армијата;и органите на управата, тоа се приближно доста голема работна маса на луѓе кои живеат исклучиво од овие плати кои се во вон стопанството.

Ми се чини дека не смееме еден ваков сооднос да дозволиме на една голема маса на луѓе да ги оставиме вон ваквата ситуација каде што со ребалансот кога зборувавме порано рековме дека и сега ќе потенцирам кога ги покачувавме пензиите на 80 и 12 0% пензионер, а специјалист, лекар 50. Од кого очекуваме по- голема продуктивност, или од оној професорот, учителот и што секој ден вадат кадри кои се стубовите во иднината на нашата држава и ги запоставуваме со такви мали лични доходи и ги доведуваме во незавидна положба со сите други останати. Верувам и јас ќе потенцирам дека ние со покачување на даноците не ќе го решиме прашањето, ако на тој начин го покачиме личниот доход, што значи пак сме извршиле инфлација и пак ќе биде понизок личниот доход. Но, сметам тоа

да се изврши ребаланс на буџетот и ако вака мора да има некоја тајна во Буџетот, мора да има некоја резерва на пари поголема. Ние потенциравме на комисиите дека останува токму од данокот на промет околу 13 до 14 милиони денари каде што не се знаеше каде се тие пари. Да не навлегувам во тоа каде се, ако постојат такви средства да се употребат со ребалансот и тие средства за подобрување на стандардот на оваа категорија на работници.

Не можам и јас, а да не го спомнам дека средствата ни се одливаат само од кога ќе поминеш, не само да го земеме Скопје, туку сите градови на стотици места се продаваат цигари дупло поевтини од вистинската цена. Јас не сум против тоа да продаваат, но сум против тоа од каде тие се снабдуваат, тие не се производители, немаат фабрика, немаат машини за пакување. Сигурно од тој монопол од тој директор кој им дава таму цигари без данок на промет по фабрична цена и потоа одат и се продаваат така. Нека продаваат, но данокот на промет да е пресметан во купувањето на цигарите во фабриката. Не само за тоа, туку за сите стоки треба данокот да е пресметан, и на пивото и на алкохолот таму каде се произведува и така да му го продаде на данокот на промет на државата на Буџетот. Сметам дека на тој начин повеќе ќе оствариме отколку што ни се потребни средства вака. А не вака да се доведуваме во една незавидна положба. Сметам дека Парламентот не е стручен за тоа, а стручната служба требаше на тоа да внимава порано дека ваков сооднос ќе дојде во платниот фонд. Не можам а да не кажам, многу стопански организации прават биланс дека тоа многу кошта, а не прават како што просветата и здравството кажаа колку се личните доходи од најголем до најмал. Зошто една таква работна

организација да кажеме не кажа еве се спомна тука повеќе организации да кажеме за жито, преработка на лебот. Се зборува дека не можат и со покачувањето на ваквите цени да опстанат и висока била откупната цена и дека била 31:30 со ланската година. Зошто тоа не го споредиме со оваа година како ќе биде. Да се направеше од најнискиот нивни службеник до највисокиот да кажат толкави се примањата, а од тоа еве е толкав процентот на средствата добиени. Јас направив една ваква сметка како што се однесува. Лебот спрема намалените сега количини иако е цената вратена назад, таа е 33 0 и повеќе малку од толку по килограм денари. А од 100 килограми брашно се добива 140 килограми леб, со тоа што тој не е доволно испечен да е 130 или 135, затоа што уште свеж го вадат со пареа за да има поголема тежина. Дали инспекцијата го контролирала колку треба лебот од кога ќе излезе месен во фурната тесто, колку треба да излезе печен леб. Според тоа, од 140, од 100 кгр. брашно се S©бива 46.000 и 200 денари, а пченицата е откупена 10 0 кгр. пченица за 12 иљјади денари. Нека не вели дека 120 односно 144 е пченицата, туку е 120. 20 е премија и ја компензира државата. Потоа, каде се трицитe колку се поскапени после 10,15 или 20% од 100-те кила на житото. Каде се другите отпадни брашна, каде е компензацијата што ја дава државата. Ете, сега има многу трошоци, но јас сметам да се направи кога ќе се зборува аз таа работа, треба да се направи анализа со трошоците, а не толку е лебот и сл. Никогаш не ја кажуваме вистината. Оттука, после произлегуваат сите други проневери. Значи, останувам зад тоа законот, оној што го донесовме за ребалансот, меѓутоа, да не се оди на даноците да се изврши ребаланс на Буџетот, резервата на Буџетот и сите даноци што досега не се уплатени на ова, а за

тоа зошто ни еден не подговарал досега, зошто не е извршена таква инспекција, анализа, да речат овој инспектор тоа го стори или ова претпријатие е казнето за тоа. Дури тоа не го сториме, ние еднаш, нема подобрување, пак ќе си оди натаму така.

**САДИКУ:**

Почитувани пратеници, пред 3 недели ова Собрание донесе закон за изменување и дополнување на законот за исплата на платите и другите надоместоци итн., а 3 недели после тоа мислам тогаш кога се донесе тој закон се создаде една атмосфера со позитивен набој кај работниците вработени во нестопанството, па после 3 недели денес расправаме за тоа дека тоа не може да се оствари. Јас од мојата изборна база имам обврска да гласам за предложениот закон. Ова поради тоа што овде не би сакал да ве замарам и не би сакал да ги повторувам сите овие податоци што ги изнесоа претходните колеги, мислам колегите по струка, дека и во Гостивар медицинскиот центар состојбата е загрижувачка. Ние виера примивме плата за јули и тоа таа плата која веројатно за по некоја илјада денари е пониска од изнесените претходни колеги. Меѓутоа, не се сложувам со претходните дискутанти кои овде нагласија дека решението не е преку зголемување на даночната стапка за 50%. Затоа мислам Владата треба што споскоро треба да понуди решение за платите преку ребалансирање на Буџетот, односно потребно е да се најдат други извори и овој проблем кој во последно време станува се поакутен кај вработените во нестопанството, а тој број некои колеги претходни дискутанти овде изнесоа некаде над 50 илјади вработени. Не би сакал понатака да ве замарам и многу што е

кажано од претходните дискутанти и би ја завршил оваа моја кратка дискусија.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, на почетокот на моето излагање би се задржал на самата етиологија на настанокот како дојде до тоа овие закони да дојдат во собраниска процедура. Знаеме, а и сведоци сме на повеќедневните преписки помеѓу Владата и претседателството на Собранието на РМ дали воопшто треба овие закони да дојдат и да се постават пред ова Собрание. Но, и ме радува постапката на Претседателството кое одлучи да се постават овие закони, образложението на министерот, како и повеќето дискутанти кои го раздробија и го дообјаснија проблемот со кои што се бара решение со овие закони. Мислам дека овој проблем е далеку посложен од она што се бара како решение што се нуди во предложените закони. Тука се покренаа повеќе прашања, кои за жал, Владата до сега не најде соодветни решенија. Затоа, оваа Влада мислам дека не изгласаната доверба во целост ја заслужи, но таа недоверба беше изгласана поради политичката нивна неопределеност во одредени ситуации, а јас би ја надоврзал и одредената економска компонента за која навистина не се најде ни едно соодветно решение. Покрај таа неодговорност на Владата, јас би го покренал прашањето и за одредена одговорност на финансиските институции кои работат и постојат на овие простори, а тоа е СОК која исто така сноси соодветна одговорност за настанувањето на овие проблеми.

VIII/7

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, немав намера да излегувам на говорница, меѓутоа, некои дискусии ме наведоа на тоа да кажам два-три збора. Ќе кажам во врска со законите што се предложени дека Владата можеше да најде некои други решенија кога во Буџетот има 42% за интервенции во стопанството, веројатно, дека можеше од тука нешто да издвои. А ова е само пресипување до празно во шупливо, затоа што покачување на даноците автоматски води кон покачување на цените. Според тоа, на потрошачите ќе им го празни џебот. Втора работа што сакам да ја кажам тоа е за моите колеги од здравство што дискутираа изгледа некои работи тие не ги знаат во врска со финансирањето на здравството. Основен приход во здравството е стапката, а не ова што ќе се добие сега тоа е толку минимално што не претставува ништо. Ако треба да се поправа состојбата во здравството, тогаш треба да се поправи стапката и цените да се направат на економска основа. Тоа е решение за здравството, друго решение нема.

Трета работа која сакам да ја потенцирам тоа што овде некои дискутанти го рекоа се однесува на пензионерите, на пензиите, постојано пензиите се трн во око на многу луѓе. Овде целото Собрание кога го изгласа тоа и тоа е усогласување кое ќе се врши врз база на законска основа. Усогласувањето се прави со 2 месеци уназад и направено беше затоа што беа покачени личните доходи 42%, па според тоа беа покачени пензиите. Додека постои таква законска основа за усогласување штом платите ќе одат нагоре, ќе одат и пензиите нагоре, а 87% од пензионерите примаат пензија помалку од 50 илјади денари, некаде околу 40 илјади денари.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ :**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Дали некој од Владата сака да се јави за збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Има збор министерот Методија Тошевски.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Мислам дека содржаната на предложениот заклучок е контрадикторна со се ова што се случуваше овде и што се расправаше. Ако Собранието го прифати особено точка 2 од овој Заклучок тогаш се што беше кажано како оценка за Владата би требало да има друг контекст. Затоа молам да се прими на знаење од Парламентот точката 2 Владата не може да ја изврши во формулација ваква каква што е дадена. Ако треба да се внесува во овој Заклучок тогаш формулацијата треба да се измени и во вториот ред после зборовите "законот за плати" ...

(реагирање на пратениците од левата страна)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам ова што е изложено овде да се тргне од клупите.

(На клупите на ВМРО-ДПМНЕ се наоѓа предлогот за државен грб на Република Македонија во кој е содржан лавот).

Молам кој го внел да го отстрани од тука, бидејќи има предлог од пратениците и реакции.

Молам од стручната служба на Собранието да се отстрани ова.

(Работник од стручната служба го повлекува симболот).

Повелете господине министре.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Значи, во втората точка формулацијата после запирката треба да се брише и да се дополни "во рамки на пропорционалното зголемување на приходите над планирањата по намени утврдени во буџетот и во ребалансот на буџетот". Ова го предлагам затоа што Владата во информацијата а и во ребалансот кој е доставен на 7 овој месец во Собранието укажува, јас и во уводот таа слика ја изнесов, дека кумулативно до крајот на годината поради пораст на платите кај другите субјекти ќе се

формира еден приход од околу 13,7 милијарди денари кој што ќе овозможи дополнително над нивото над кое е сега износот на платите во управата, образованието и социјалната заштита да се изврши некои усогласување. Но, тоа само во пропорција од ефектот што ќе се оствари по основ на зголемување.

Директивната задача и задолжуваше на Владата да го спроведе законот и да изврши 60% од порастот на платите Владата не е во состојба да ја изврши и пак заради заштита на општата состојба на економијата во Републиката.

Молам овој предлог да биде прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Овој предлог дали од предлагачите на заклучокот, од комисиите се прифаќа.

Молам дали некој бара збор. (никој)

Го ставам заклучокот на гласање. (Кој заклучок)

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Заклучокот што треба да се усвои на оваа седница е составен од 5 точки меѓутоа претставникот на Владата, министерот Тоштевски рече дека не може да ја исполни обврската што и се наложува во точката 2. Мене ми се чини дека не би било воопшто рационално ова Собрание да гласа по овој заклучок од 5 точки ако втората точка не може да се спроведе. Тие што го изготвуваа заклучокот веројатно ќе треба уште еднаш да ја разгледаат таа точка затоа што на ова Собрание најмалку му треба да усвојува акти кои што не ќе може да се операционализираат и да се почитуваат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Токму заради тоа јас предложив во името на предлагачите на комисиите некој да се произнесе по предлогот на Владата. Тука сите комисии се заеднички предлагачи на овој заклучок.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници ова што го предлага министерот произлезе од комисијата за труд и социјална политика. Тоа беше усогласување на 60% во однос на она што заостануваат општествените дејности во однос на стопанските субјекти во таа смисла сметавме дека тоа усогласување треба да стапи имајќи ги предвид и можностите на буџетот. Меѓутоа ова што го предлага министерот мислам дека е прифатливо и може да се при- фати бидејќи е во функција на ова ние што го предлагаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи, предлог заклучокот изменет со предлогот на господинот Тошевски го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

(да објасни за што се работи)

Ве молам господине министре повелете. Многу јасно кажа за што се работи.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Точката 2 од предложените заклучоци, која во основа има задолжување на Владата да изврши усогласување 60% кванифицирано, затоа што и износот што е даден во информацијата претставува некоја бројка приближна на тоа, меѓутоа се губи во предвид дека тоа е кумулативен ефект што ќе се оствари до крајот на годината, а не виера односно денеска. Според тоа тој кумулативен ефект треба да се рас- пореди на месеците до крајот на годината. Од тие причини овој заклучок не е прифатлив и предложив, ја повторувам содржината што би можела да биде прифатлива за Владата да гласи: "Собранието ја задолжува Владата веднаш да започне со постепено спроведување на законот за плати во рамки на пропорционалното зголемување на изворните приходи над планираните по намени утврдени со буџетот и во ребалансот на буџетот".

Ребалансот на буџетот веќе е во Собранието, ќе раправаме. Јас денес и на седницата за финансирање и буџет поставив прашање зошто тоа денеска заедно не се расправа, но така е програмирано и не можеше да се расправа. Тогаш ќе утврдиме што значи тоа постапно и пропорционално.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прашувам уште еднаш дали во врска со овој предлог на министерот има уште некое прашање, сугестија.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Јас би се произнел од формална страна. Овде гледам се импровизира и претседателот на комисијата за труд и социјална политика, самостојно менува заклучоци, не држи седница, и од министерот има импровизација.

Јас сум да се прифатат заклучоците, мислам да се гласа за заклучоците на одржаните состаноци на комисиите. Ова во текст како што се усвоени ние имаме еден закон кој не обврзува да го спроведуваме, а овие заклучоци се усмерување на тој закон. Владата има посебна извршна власт и до колку не може да ги спроведе таа ќе не извести поради кои причини не може да ги спроведе. Затоа е усвоена власта.

Со вакви импровизации уфрлување дофрлување јас сметам дека повторно ќе ја искомплицираме постапката како и претходното донесување на законот. Значи, заклучоците да се стават на гласање како што се утврдени од комисиите, а Владата бидејќи овој заклучок послаба страна има од законот и така е законот обврзителен за секој и за извршната и за законодавната власт, а заклучокот е едно усмерување и тие до колку немаат средства немаат можности нема да го спроведат. Зошто сега да импровизираме. Ние да ги ставиме на гласање заклучоците за тука да знаеме што е донесено во процедура.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Не би сакал да се навраќам на се она што е кажано, мислам дека е кажано и повеќе отколку што треба, но сосема е разбирливо дека предлогот лежеше на две претпоставки кои што се неодржливи. Едната претпоставка е дека ќе продолжи хаос, шверц, сива економија да не внесува средства од тие извори во буџетот па да мора на ваков начин со помош на трите закона да се намеруваат средствата, а другата претпоставка која што е неодржлива е законот за плати кој што го донесовме со такви измени, каков што го донесовме минатиот пат.

Според тоа, тие две основни претпоставки на кои што лежи предлогот за измена на овие закони ќе мора по најитно да се менуваат. Затоа, ова што го предложи министерот за финансии не се коси воопшто со законот за плати кој што ќе оди на измени, меѓутоа таму никаде не е кажано дека она што го предвидовме во законот, што е дадено .како некаков процент дека е задолжително да се алиментира до таму во рамките на можностите. Тие можности се обезбедуваат со акумулацијата која што ја понуди министерот и предлагам да гласаме за заклучоците така како што се формулирани со измената што ја предложи министерот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи имаме два предлога. Предлогот од Владата фактички го изменува заклучокот на функциите и би требало да гласаме прво по предлогот на Владата.

Според тоа, заклучоците со предлогот на Владата, со сугестиите на Владата ги ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака (62) Кој е против? (5)

Дали некој се воздржува од гласање? (18)!

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Бидејќи не го усвоивме дневниот ред со ова ја заклучувам 47-та седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам, господинот Стевковски бара нешто.

(пратениците почнаа да ја напуштаат салата.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Да работиме како што треба. Ние кога ја прекинавме 41-та седница тоа го сторивме се со цел да се направат некои напори за да продолжи и со успех да биде завршена 41-та седница и се донесат законите кои што беа предмет на расправа на истата.

Меѓутоа, гледам дека овде постои некоја незаинтересираност за државниот симбол на Републиката, па оттука без да објаснувам понатаму што се случуваше овие денови едноставно сметам дека треба пот-претседателот да ја закаже уставната комисија и работата околу државниот грб да се доведе до крај бидејќи веќе е јасно на секого дека не ќе може да се постигне согласност меѓу политичките партии поради одбојноста на социјалдемократскиот сојуз за лавот како грб на Република Македонија.

Мислам дека оваа обврска :треба да биде извршена во текот на утрешниот ден за да може да заврши 41-та седница и на големо задоволство на сите на Лондонската конференција Република Македонија да нема таков државен симбол.

Исто така сметам дека денес би требало ние, бидејќи има заклучок на Парламентот да работиме до 17 часот затоа што сите активности се завршени во врска со законите за државјанството за личната карта и патните исправи. Пратениците во овој Парламент треба да најдат трпение и да се вратат на своите седишта за да ја продолжиме 41-та седница со донесувањето на овие закони, бидејќи навистина незнам зошто ова брзање, напуштање на салата. Кога се расправаше и дискутираше за она што беше денес предмет во врска со законот за платите, морам да кажам сега дека

Социјалдемократскиот сојуз беа сите до еден на место. Кога требаше сега да ги донесеме законите за државноста нив ги нема на нивните места. Оттука редно е да продолжиме со 41-та седница бидејќи нема никакви спровои во однос на усвојувањето на тие закони. Се е окончано, едноставно треба со кревање на рака да ја завршиме оваа седница со исклучок за законот за државниот грб.

Мислам дека и потпретседателот што ја води седницата треба да најди разбирање за овој мој предлог.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, ние 41-та седница ја прекинавме. Утврдивме дневен ред и утврдивме и редослед на точките како ќе расправаме. Таа не е пријавена односно не е најавена ниту на јавноста, ниту на пратениците дека денес ќе продолжиме да расправаме после оваа седница. Мислам дека предлогот на господинот Стојановски, Уставната комисија, која што доби задача од Парламентот да направи додатни напори за усогласуваше околу решението за законот за грбот треба да си ја заврши работата, па дури тогаш да продолжиме расправа по 41-та седница. Според тоа .....

(на говорницата без никакво најавување излезе госпоѓа Гулистана Јулмеровска)

**ГУЛИСТАНА ЈУЛМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници што останавте во салата. Во името на вистината мислам дека мора некои работи овде да се кажат. Не може по ничие право, без немање на основен деловник за работа, што ова Собрание не се потруди да го донесе во рамките на две години што работи и покрај тоа што е уставотворно собрание да се каже дека седницата беше прекината. Тоа е заради сите нас и заради нетрпението на нас, кои што седницата беше прекината во 14 часот без да се каже кога и како ќе продолжи, а сите ние седевме до 17 часот како што седиме седници и седници по ред без да знаеме кога ова Собрание ќе почне да работи.

Во интерес на вистината и на јавноста еднаш за секогаш треба да се каже дали седниците на комисиите ќе траат пред почеток на седницата или секогаш ќе завршуваат ден претходно и дали ова Собрание ќе ги закажува своите седници без да има расчистени ставови. Тоа сме должни пред се на јавноста која што овие седници ги следи, а и заради нашето трпение што овде и без никаква грижа на совест некои од нас доаѓаат а потоа ги напуштаат седниците дали свесно или несвесно, незнам да кажам, меѓутоа секогаш од нас има и внимание и совест и нервози. Многумина од нас допатуваа од одмори овде без за тоа да бидат информирани дали оваа седница ќе продолжи, дали ќе се чека септември, дали ќе се чека октомври, меѓутоа мислам дека треба за таа работа да се договориме. Ова со прекинување на седници е пред се еден нечесен однос према Парламентот према Собранието а најмногу спрема јавноста.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, 41-та седница кога ќе се продолжи ќе добиете дополнителна информација. Четириесет и седмата седница е завршена.

(реагирање од место на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ.,,

На говорницата без најавување излезе господинот Владимир Голубовски.)

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Сакам процедурално да, кажав процедурално а претседавачот ја напушта седницата очигледно тоа е најголем доказ дека и денешната седница беше режирана. Сите седници во континуитет беа режирани. Свесни сме дека присуствуваме на рушење на парламентарната демократија во Македонија. Мислам дека јавноста треба да биде загрижена и да изврши должен притисок и јавен притисок во склоп на демократски рамки за да се спречи оваа лакрдија во Македонскиот парламент, која што директно иде на штета на Македонските интереси.

И деловнички секоја седница има свој дел -пратенички прашања. Господата кои што се сценаристи на одржување на вакви седници почнаа и елементарните правила да не ги почитуваат, што не може да биде добро за интересите на Република Македонија. Сметам...

(додека сеуште зборуваше господинот Владимир Голубовски пред пратениците што беа во салата озвучувањето престана).